**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 декември 2000 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 12,5 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, седнете на своите места и да притиснеме едно од копчињата да утврдиме точен број на пратеници во салата. Ќе потрае ова.

Имаме 62 пратеници, а за да бидеме сигурни, молам, службите нека пребројат точниот број уште еднаш. Нека проверат, да не стиснал некој на две копчиња. Како што гледам уште еден пратеник недостасува.

Затоа Ве молам уште еднаш да ги изброите.

(Има доволен број на пратеници во салата).

Дами и господа пратеници, ја отворам 62-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Анушев, Томислав Стојановски и Радмила Шеќеринска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми од мое и Ваше име на граѓаните на Република Македонија од исламска вероисповест да им го честитам утрешниот празник Рамазан Бајрам.

На седницата поканети се, претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит за Проектот за преструктуирање на финансискиот сектор и секторот за претпријатијата, со Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за преструктуирање на финансискиот сектор и на секторот на претпријатијата, со Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за задолжување на РМ со заем кај Европската Заедница во износ од 50 милиони евра, наменет за поддршка на платниот биланс на РМ, со Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2000 година, со Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници од страна на РМ во Стопанска банка А.Д. - Скопје, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за гаранција на РМ по договорите за заем склучени помеѓу Љубљанска банка ДД - Љубљана и ЈКП Стандард - Дебар и Нова Љубљанска банка ДД и ЈП Комуналец Кавадарци, со Предлог на закон, кои беа уврстени во предлогот на дневниот ред во решението за свикуваше на оваа седница по барање на Владата на РМ, Собранието ги разгледа на 59-та седница.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување на Законот за државните службеници.

Предлогот на законот Ви е поделен.Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г-динот Бедредин Ибраими, заменик претседател на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, имајќи ја предвид определбата на Владата на Република Македонија за интензивирање на активностите за реформа на јавната администрација утврдени со стратегијата за реформа на јавната администрација од една страна и целосно имплементирање на донесените закони од оваа област, а посебно на Законот за државните службеници, како неминовно се наметна потребата од измена и дополнување на споменатиот закон.

Имено, предложената измена на законот за државните службеници во одредбата на членот 82, став 2 и 5 има за цел да се востановат соодветни идентични принципи, кои се содржани во општите прописи од работното законодавство, односно во законот за работните односи и

Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Од овие причини, предлагаме законот да се донесе по итна постапка, согласно одредбата на членот 344 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, со цел да се попречат настанувањата на евентуално штетни последици со примената на предложените измени на законот за работни односи и законот за ПИО. Односно, доколку не се донесе законот за изменување на Законот за државните службеници, би можело да се создаде нерамноправност на граѓаните во примената на законите, кои ги регулираат прашањата на престанокот на работниот однос.

Итноста на постапката е определена и од потребата за воедночување на основите со другите предложени закони, кои треба да се претресат на оваа седница и секако ќе придонесе за интензивирање на активностите за намалување на јавната администрација и создавање на мал ефикасен и добар платен државен апарат.

Од изнесеното предлагаме Собранието на РМ на денешната седница да го востанови во својот дневен ред Предлогот за донесување на закон за измена на Законот за државните службеници по итна постапка. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 77 пратеници, 71 пратеник гласал.

За гласале 57 пратеници, 5 пратеници се воздржале, 9 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија го повлече предлогот за донесување на законот за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.

Пратеникот Милан Ставрев од името на предлагачите предлага, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 79 присатни, гласале 69 пратеници.

51 пратеник гласале за, 4 се воздржани, 14 се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Кралевски, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување и избор на претседател на Основниот суд во Струмица и на Основниот суд во Радовиш.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 79 пратеници 70 гласале.

55 пратеници гласале за, 11 се воздржале и 4 гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Согласно член 98, алинеја 4 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, констатирам дека на пратеникот Алириза Лога му престана функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот Алириза Лога беше избран од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Нада Михајлова" - Пробиштип; Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом " д-р Ѓорѓи Гаврилски" - Свети Николе; Предлог на одлука за именување на членот на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Скопје и Предлог за разрешување од функцијата судија и претседател на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од вкупно 78 пратеници гласале 67.

53 пратеници гласале за, 11 се воздржале и 4 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Кралевски предлага дневниот ред на оваа седница да

се дополни со Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам, да гласаме.

Од 83 присутни пратеници 71 гласале.

Гласале 60 пратеници за, 11 се воздржале и нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Аптека "30 Ноември" - Дебар.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање. Ве молам, да гласаме.

Од 83 присутни пратеници, 67 пратеници гласале.

59 пратеници гласале за, 6 се воздржале и 2 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговското работење, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ревизијата, со Предлог на закон;

6.. Предлог за донесување на закон за заштита на посебното природно богатство, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон;

8.. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Р&публика Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на здравството и медицинските науки, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на
Исламската Република Иран за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна, научна и образовна соработка меѓу
Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министрите на Украина за воено - техничка соработка, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за безбедност на персоналот на Обединетите Нации
и на сродниот персонал, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за регистрирање на готовински плаќања;

14. Предлог на одлука за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување;

15. Предлог за избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;

16. Предлог за избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка;

17. Предлог за именување заменик на јавниот обвинител на Република Македонија;

18. Предлог за именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово;

19. Предлог за именување заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во Куманово, Струмица, Штип и Ресен;

20. Предлог за разрешување судија на Основниот суд во Кавадарци;

21. Предлог за разрешување судија на Основниот суд во Гостивар;

22. Предлог за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес;

23. Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Битола;

24. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Струмица и на Основниот суд во Радовиш;

25. Предлог за разрешување од функцијата судија и претседател на Основниот суд во Прилеп.

26. Предлог на одлука за огласување на избор на претседател на Основниот суд во Прилеп.

27. Предлог на одлука за именуваше на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен Дом "Нада Михајлова" - Пробиштип.

28. Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "прим. д-р. Ѓорѓи Гаврилски" - Свети Николе.

29. Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Скопје.

30. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Аптека "30 ноември" - Дебар.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави Бузлевски Димитар.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада!

Го слушнав предлогот кој што го предложи претседателот на Собранието за работа на денешнава седница и навистина ме изненади што во предлогот не е предложено да се расправа по Информација за проблемите околу пласманот на јаболката во Република Македонија. Затоа што, на Педесет и деветтата седница кога се утврдуваше дневниот ред, јас предложив и побарав на таа седница да се расправа по таква информација која што претходно би ја изработила Владата на Република Македонија и притоа беше кажано дека за таа седница не е во можност Владата да изготви таква Информација. Но, Владата зема обврска пред Парламентот да предложи таква информација за наредната седница. Јас ги имам и стенографските белешки и во нив јасно стои одговорот на претставникот на Владата кој што презеде обврска пред Парламентот, на Парламентот за наредната седница му понуди информација со содржина за сите проблеми околу пласманот на јаболката. Наредната седница беше седницата која што имаше итен карактер и која што беше посветена на Телекомот и притоа Вие претседателе замоливте заради посебната важност на таа седница да не се предлага на таа седница дополнување на дневниот ред. Јас го прифатив вашиот предлог и притоа не реагирав, не побарав да се дополни дневниот ред со ветената информација. Но, сега бидејќи оваа е нова седница и со оглед на тоа што Владата презеде обврска да изработи таква Информација, јас барам на денешнава седница да се постави таква информација во дневниот ред. Со оглед на тоа што има многу точки најверојатно дека оваа седница ќе трае подолго од еден ден, има можност Владата да ја изработи таа Информација и да ја достави до пратениците и да можеме по таа информација да работиме. Дополнително ќе објаснам зошто го барам тоа. Познато е дека родот на јаболка во 2000 година на ниво на држава изнесува околу 64 илјади тона. Споредено со претходната 1999 година овој род е помал за 11,1 индексни поени, бидејќи во 1999 година родот на јаболка беше околу 73 илјади тона. Исто така, познато е дека во структурата на родот учеството на индивидуалните производители е проценето на близу 59 илјади тона, што значи над 90% од родот на јаболка се произведува кај индивидуалниот сектор. Во 2000 година индивидуалниот сектор вложи многу напори за да произведе ваква количина на род со оглед на тоа што тековното производство беше пратено со бројни проблеми кои што првенствено произлегуваа од мерките кои што ги преземаше Владата на Република Македонија,а кои што се однесуваа на зголемување на трошоците за производство на овој земјоделски производ по единица мерка. Само да потсетам дека во 2000 година земјоделците беа сериозно погодени од ценовните поместувања на горивото и од примената на Законот за ДДВ во текот на 2000 година кој што закон дополнително ги оптовари земјоделските производители кај средствата за производство со дополнителна стапка од 19%. Тоа значи дека индивидуалците вложиле и напори и

средства за да произведат еден ваков обем, една ваква големина на производство и дека за тоа направиле трошоци кои што очекуваат со пласманот на јаболката да ги повратат. Но, сведоци сме дека во овој период индивидуалните производители се соочуваат со сериозен проблем кој што е издигнат до ниво да не може да се продадат јаболката, тоа значи да пропадне родот и во неповрат да се изгубат над 30 милиони марки. Некогаш во тековната економска политика е добро да се преземаат одредени мерки како што Владата преземаше мерки во делот на финансиската сфера во Република Македонија. Но, најлошото е ако тие мерки се изолирани и таквите мерки ако не ги пратат други пропратни мерки кои што ќе ја ублажат состојбата во одредена сфера. Оттаму со оглед на отсутноста на мерки кои што ги нема во 2000 година во врска со оваа проблематика видливо е дека проблемот е издигнат до највисоко ниво и дека тој проблем придонесува индивидуалните производители да се најдат во безнадежна ситуација. Уште повеќе кога во пракса не се спроведуваат некои активности кои што во претходниот период беа вградени во системот и кои што носеа соодветни резултати како на пример, врзување на увозот на јужно овошје со претходен извоз на земјоделски производи како што се јаболката, грозјето и други и врз таа основа добивање на право за увоз на јужно овошје што како мерка навидум е банална, но најмалку носи два ефекти. Прво, за да може да се увезе јужно овошје мора претходно да се увезе земјоделски производ. Со тоа се иницира извозот. И втора мерка, на некој начин се врши рестрикција на увозот на јужно овошје што го ослободува пазарот во Република Македонија и овозможува пазарот да биде со пристојна понуда од домашно производство од земјоделските производи, или пак мерката за дополнително оптоварување на увозот на јужно овошје со прелевмани кои што се движеа во изминатиот период од 10 до 20 денари по килограм и кои што се очекуваше дестимулативно да влијаат врз увозниците со оглед на тоа што при такви услови зголемен е трошокот за увоз на такво јужно овошје. Јас можам да набројам и бројни мерки, но очекувам дека тие првенствено се во надлежност на Владата и дека Владата мора да се соочи со овие проблеми, затоа што овие проблеми се на граѓаните во Република Македонија. Во овој момент на граѓаните од Преспа и некои други општини каде што е застапено јаболковото производство, но во исто време има проблеми и со другите видови на земјоделски производи при пласманот како на пример со сортното грозје кое што се наоѓа во магацините. Затоа, не би се задржувал на дополнителни објаснувања. Сакам да го актуелизирам овој проблем, затоа што неговата природа заслужува тој така и да се третира. И барам на оваа седница со оглед на тоа што беше ветено при утврдување на дневниот ред на претходната седница да се стави ваква информација на дневен ред за да можеме по таа информација да расправаме и за да можеме да препорачаме до Владата да превземе соодветни мерки и активности кои што ќе го ублажат проблемот кој што евидентно постои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претставникот на Владата, господинот Бедредин Ибраими, заменик премиер.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се согласуваме со констатацијата дека прашањето е од големо значење. Но факт е и тоа дека Владата не изготвила информација која е побарана од страна на пратеникот. Јас не би сакал да ја оправдам Владата, но навистина крај е на годината и имаме доста големи активности околу други прашања кои се и предмет на расправа на денешната седница на Собранието. Не сме стигнале да ја направиме таа информација. Не би можел да преземам обврска дека тоа ќе можеме да го направиме на оваа седница. Затоа, за наредната седница на Собранието на РМ, сигурно ќе се изготви информацијата која е побарана од господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали инсистирате да се гласа, да се уврсти во дневен ред или за идната седница?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Претседателе, сигурно имам право на коментар. И ве молам не барајте претходно да кажам што ќе кажам. Се согласувам дека Владата има бројни ангажмани во овој период и дека со оглед на тоа што е крај на година пред Владата има бројни активности кои што треба да го заокружат тековното работење и да предложат мерки и активности за работењето во 2001 година.

Но, господине потпретседателе и сами Вие кажавте дека овој проблем е до толку актуелен, бидејќи претстои опасност да се нанесат огромни штети на индивидуалните производители. Затоа ништо од помало значење не е проблематиката која што јас ја барам и таа

е до толку актуелна што е врзана со временски период, затоа што ако сега не направиме дополнителни напори да овозможиме со мерки и активности поголем извоз на јаболковото производство, тогаш јаболката не очекувајте дека може во мај да се продаваат затоа што тогаш ќе ги нема, ќе скапат. Па затоа Ве молам со оглед на тоа што ќе трае оваа седница би ве замолил да прифатите да се расправа по таква Информација на оваа седница или евентуално ако во блиска иднина Парламентот заседава за неколку дена да тоа биде за наредната седница, со тоа што поново барам да се согласите за тоа да биде уврстена точка на дневен ред како предлог на Владата по барање на пратеник. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господинот заменик премиер.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, јас не можам да претпоставам за текот на оваа седница. Кога би бил сигурен дека седницата ќе трае и нема да заврши денеска би прифатил една таква обврска за оваа седница да се уврсти на дневен ред бараната информација од пратеникот Димитар Бузлевски.

По овој услов прифаќаме да изготвиме таква информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, само тоа никој не може да го тоа тврди сега, Вие или прифаќате или не прифаќате.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Па јас верувам дека одма после новогодишните празници најверојатно ќе се закаже седница и мислам дека имаме доволно време да расправаме во овој Парламент околу мерките кои ќе бидат предложени од страна на Владата и мислам дека ќе имаме доволно време за пласманот на јаболката. Така да би требало пратеникот да се согласи на наредна седница прва да се изготви таква информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници, во изминатиот период сите влади досегашни на Република Македонија водеа сметка да се почитува Уставот и законите особено во делот на Армијата и безбедноста посебно дека тие се пред се стручни тела кои ги извршуваат своите обврски во рамките на Уставот и законите Меѓутоа, деновиве се случи еден преседан за прв пат во оваа понова македонска историја, генерал на Армијата на Република Македонија да дава политички квалификации за работењето на овој законодавен дом, односно за пратеници и пратенички групи, со еден речник кој е недостоен за човек со таков еден висок чин, односно да проценува како ќе се однесуваат пратениците во ова Собрание од било која пратеничка група и каков е нивниот политички став. Мислам дека ова е недопусливо, недозволиво, да генерал на Армијата на Република Македонија дава политички оценки за тоа какви ставови застапуваат пратениците во Собранието на Република Македонија. Тоа го има искажано на јавен настап, пренесено од Телевизија "Телма" и Ве молам јас барам министерот за одбрана и би сакал на оваа седница да го објасни однесувањето на генералот и да објасни какви мерки ќе преземе бидејќи мислам дека ова е прв случај и ако сега не се пресече во корен може да има потрајни последици во односите помеѓу цивилните власти и армиските структури на Армијата на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставникот на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас мислам дека тоа е личен став на споменатиот генерал и мислам дека неговиот став даден преку средствата за јавно информирање околу работењето на Парламентот не би требало да биде предмет на расправа во Парламент особено во сосема неизготвена информација или извештај кој треба да го даде министерот за одбрана. Едино би можеле да го сметаме како пратеничко прашање и во име на министерот за одбрана земам обврска да се изготви таков одговор во писмена форма и да се достави до пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ве молам ова не е пратеничко прашање, јас мислам дека се работи за сериозен однос, меѓу цивилните власти посебно меѓу законодавниот дом и државен службеник од многу висок ранг, во случаен воен државен службеник. И со оглед на тоа сметам дека е добро денес министерот да дојде и да се повика и да го објасни својот став. Да не се остава оваа работа да ја лечи времето. Бидејќи може да има како што

реков негативни последици. Не е оваа обичен однос.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има промена на мислењето на претставникот на Владата? (Нема).

Тогаш предлогот на господин Китановски, го ставам на гласање.

Да гласаме.

Предлог - барање да министерот за одбрана го извести Собранието за својот став и за тоа што ќе преземе по повод на настапот на некој генерал, јас незнам каде рековте, во Телевизија "Телма". Тоа е предлогот. Предлогот значи да се бара изјаснување на министерот и за неговиот став по повод на тоа излагање и што намерава да преземе. Да гласаме.

Од присутни 81, 61 гласале, 19 за, 7 се воздржале, 35 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Благодарам претседателе, дами и господа пратеници, претставници од Владата.

На минатата седница претставникот на Владата ми вети дека на денешната седница ќе расправаме за Извештајот во однос на болеста кравјото лудило. Притоа, јас истакнав дека од своја страна ќе изготвам еден мал текст, текстот е готов, меѓутоа, од страна на Владата тој се уште не е изготвен, би сакал да потсетам дека, еве ќе ви цитирам еден мал дел од овој извештај "Според мислењето на микробиологот професор Ричард Лејси се смета дека до 2010 година во светот би можело да има околу 500 илјади жртви од оваа болест". Инаку, болеста е позната во специјалистичките кругови како "Јакоб Кројцфелдова болест". Притоа би сакал да истакнам дека Македонија е увозник на говедско месо од ризичните простори и второ, дека еден од причинителите е токму коскеното брашно кое исто така го увезуваме од овие земји. Би сакал да поставам неколку прашања во врска со овој проблем.

Имено, се надевам дека министерот за земјоделие ќе биде присутен на оваа седница да одговори, од кои земји Македонија увезува месо, во кое количество, од каде увезуваме коскено брашно, количество и каде тоа се дистрибуира, значи, кои се потрошувачите во Македонија и дали постојат тестови за утврдување на постоењето на болеста „кравјо лудило" меѓу говедата со оглед дека болеста многу тешко се открива, таа треба да се открива превентивно, тестовите се мошне скапи, а од друга страна видов една изјава на Министерството за земјоделие кое истакна дека таква работа не постои во Македонија.

Затоа предлагам, доколку може, во продолжението на оваа седница јас ќе го поднесам ова досие да се занимаваме со оваа проблематика, односно Владата да даде одредена информација. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор претставникот на Владата г. Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Истиот случај како и побараната информација за пласманот на јаболката. Ние го имаме истиот предлог значи за наредна седница да се изготви таква информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господинот Ружин прифаќа.

Има збор г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, јас немам предлог за дополнување на дневниот ред, меѓутоа, имам дискусија во врска со дневниот ред по кој работиме на оваа седница. Имено, од вашиот избор за претседател ова е, по моја евиденција, четврта седница на Собранието, а трета седница со дневен ред по закони на Собранието на Република Македонија. На првите три седници што не реагиравме, имајќи предвид дека се наоѓате на нова функција, меѓутоа, сега официјално во име на пратеничката група Ве потсетувам дека согласно Деловникот на Република Македонија по утврдување на дневниот ред или пред, сосема сеедно, секоја седница започнува со пратенички прашања. Согласно Одлуката на Собранието на Република Македонија од пред 7-8 месеци ние се усогласивме секоја седница да започнува на тој начин што ќе има 60 мин. поставување на прашања и 60 мин. одговори од страна на Владата во рок кој го договоривме со консензус на сите пратенички групи.

Имајќи предвид дека, не гледам зошто би ја одложувале вака делумна примена на Деловникот за која сите се усогласивме, апелирам до Вас на оваа седница веќе да не продолжуваме со

кршење и на Деловникот и на Одлуката на Собранието и работата по пратеничките прашања да биде составен дел на седницата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ве информирам дека и мене ми беше намерата, меѓутоа, не ќе можеме денеска да го правиме, бидејќи истовремено е во тек седница на Владата и не можеме да обезбедиме присуство на повеќе министри, бидејќи на дневен ред е Макро - економската политика и сите документи врзани за неа. Овој пат ќе мораме сепак да се задоволиме идниот пат тоа да го направиме. Ова е само информација.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам г. претседателе, од дневниот ред што се предлага најмалку 4 точки се однесуваат на задолжувањето на државата пред меѓународните финансиски структури. Јас предлагам овие точки да се симнат од дневниот ред, се работи за точка 1 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит за Проектот за преструктуирање на финансискиот сектор и секторот на претпријатијата, со Предлог на закон, потоа втора точка - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој, третата Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската заедница во износ од 50 милиони евра, потоа Шестата точка - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорите за заем, склучени помеѓу Љубљанска банка ДД Љубљана и ЈКП Стандард Дебар, од причина што сметам дека оваа работа треба професионално да се дообјаснува дали државата прекумерно се задолжува пред овие меѓународни финансиски организации од причина што немаме морално право да ги задолжиме идните или младите генерации без дебело образложение дека таквите финансиски средства ни се неопходни, дека немаме друг извор особено кога декларативно највисоките претставници на власта на Република Македонија кажуваат дека таквите аранжмани посебно со ММФ не ни се потребни од причина што ние имаме суфицит од 400 милиони ДМ., па имаме толку голем фонд на девизни резерви во државата.

Тоа што се бара со вакви закони кои се предлагаат на дневен ред, тоа што е декларација било на ниво на политичка декларација на претставниците на власта се коси со ова што се предлага за денеска и затоа би требало да имаме минимална чесност пред граѓаните и да кажеме дека вакви средства ни се потребни поради економските причини.

Еве, имаше информација дека 24 илјади фирми имаат блокирано жиро сметки, а тука се вработени околу 140 илјади вработени што е економска катастрофа наспроти тоа што се фалиме дека имаме економски раст и затоа мислам дека до идната седница да имаме едно поопширно образложение за потребата од овие средства кои ова Собрание по пат на закон треба да ги легитимира. Благодарам г. претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледно има недоразбирање. Овие точки ги минавме на 59-та седница, тие беа содржани во Решението со кое ја свикав 62-та седница, но кога го утврдувавме дневниот ред на 59-та седница тие беа ставени таму по барање на Владата и тие точки се веќе донесени.

Има збор г. Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, јас сакав претходно да се надоврзам на барањето за респектирање на Одлуката и на деловничкото право за пратенички прашања, а со оглед дека до сега по таа регулатива што сами ја воспоставивме не сме дојдени до половина листа на тие што сакаме да поставиме прашања. Имајќи го предвид тоа што вие го рековте, а базирајќи се на тоа што досега било, мислам дека би требало да сугерираме да најдеме поефективен начин за комуницирање со Владата јавно да бидеме порационални и потранспарентни не само за нас, туку и за јавноста, па затоа предлагам тоа што некои парламенти го имаат, а во исто време не се косиме со нашиот Деловник, а не би требало да се има против тоа затоа што Вие рековте денеска не можеме затоа што Владата не е тука. Веројатно никогаш не ќе можеме целата Влада да ја донесеме тука, па за не остане така, и ништо да не решаваме и да не прашуваме како досега, барем делумно, јас предлагам Вие како претседател да предложите, а Собранието да прифати пратеничките прашања да бидат на секоја нова седница со тоа што ќе биде наведено кои 2-3 министри ќе одговараат по некоја тема за таа седница така пратениците претходно да знаат какви прашања да подготват и кои пратеници би можеле да

бидат тие денови кога ќе се договориме, без да ја принудиме целата Влада да дојде тука, а од нив само двајца да одговараат. Мислам дека тоа би било во насока на една рационализација на ова деловничко право и во насока транспарентност и за некои други работи. Значи, секоја нова седница по 2-3 и мојот предлог е министрите да одговараат усно со информациите што ги имаат во дадениот момент. Само за одредени прашања кои бараат обработка и размена на мислења, мислам дека би било добро да се оди во писмена форма, а за да добие во тежина итноста на тоа што пратениците бараат, мислам дека министрите би требало одговорните да ги комуницираат на устен начин и непосредно по одговорот или утредента, ако денеска се поставени прашањата, мислам да се најде начин со кој ќе ја рационализираме работата и ќе дојдеме до тоа, тоа деловничко право да го оствариме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи нема предлози за измена и дополнување на дневниот ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Од присутни 77 пратеници, вкупно 69 гласале од кои 51 за, 15 се воздржале и 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлог за избор на судија на Апелациониот суд во Скопје, Предлогот за избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка, Предлогот за именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово, Предлог за именување заменик на јавен обвинител на Република Македонија, Предлог за именување заменици на јавните обвинители на Основните јавни обвинителства во Куманово, Струмица, Штип и Ресен, Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци, Предлогот за разрешување од функцијата судија и претседател на Основниот суд во Прилеп, Предлогот на Одлуката за огласување за избор на претседател на Основниот суд во Струмица, Основниот суд во Радовиш и на Основниот суд во Прилеп, Предлогот за покренување постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес, Предлогот за покренување постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Битола, Предлогот на Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом Нада Михајлова" - Пробиштип, Предлогот на Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом примариус др. Ѓорѓи Гаврилски"- Свети Николе и Предлогот на Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита Скопје", да се разгледаат пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од 70 присутни, 64 гласале од кои за гласале 50 пратеници, 6 се воздржале и против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Минување на точка 15 - Предлог за избор на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од 71 присутен, гласале 61 пратеник од кои 53 гласале за, 5 се воздржале, 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека Стефка Чесноска Танева е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Минување на точка 16 - Предлог за избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од 73 присутни гласале 49 пратеници, не важи или има некоја грешка.

Не може, не се гласало.

Молам да ги повикате пратениците да влезат во салата и да гласат.

Картичките да ги извадите што не се тука пратениците.

(Службените лица на Собранието ги вадат картичките).

Ќе го повториме гласањето.

Сега има 70 картички.

Повторно да гласаме.

Од 74 присутни гласале 66 пратеници, 55 гласале за, 7 се воздржале, а 4 пратеници гласале против.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Констатирам дека Анкица Димитровска е избрана за судија на Основниот суд во Крива Паланка.

17-та точка - Предлог за именување заменик на јавниот обвинител на Република Македонија.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањето Ви се доставени односно поделени

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за именување заменик на јавниот обвинител на Република Македонија го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 75 присутни пратеници, 70 гласале, 61 пратеник гласаа за, 3 се воздржани, а 6 пратеници гласале против?

Констатирам дека Роксанда Крстевска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Република Македонија.

Минуваме на точка 18 - Предлог за именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 72 присутни, 67 пратеници гласале, од кои 55 пратеници гласале за, 8 се воздржани и четворица гласале против.

Констатирам дека Валентина Стојановска е именувана за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Минуваме на точка 19 - Предлог за именување на заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во Куманово, Струмица, Штип и Ресен.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Горан Пешевски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 73 присутни, 65 пратеници гласале, 55 пратеници гласале за, 7 се воздржале, 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека Горан Пешевски е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Предлогот Митра Каратанева да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 73 гласале 66 пратеници, 50 гласале за, 13 се воздржале, тројца гласале против.

Констатирам дека Митра Каратанева е именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица.

Предлогот Томе Божиков да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 73 присутни, 67 пратеници гласале, 52 гласале за, 14 се воздржале и 1 гласал против.

Констатирам дека Томе Божиков е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица.

Предлогот Златко Иванов да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 71 присутни, 63 пратеници гласале, 47 гласале за, 14 се воздржале, двајца пратеници гласале против.

Констатирам дека Златко Иванов е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица.

Предлогот Ленче Ставрева да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 70, гласале 63 пратеници, 51 гласале за, 8 се воздржале, четворица пратеници гласале против.

Констатирам дека Ленче Ставрева е именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица.

Предлогот Даница Монева да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 70, 63 пратеници гласале, 49 пратеници гласале за, 10 се воздржале, а четворица гласале против.

Констатирам дека Даница Монева е именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип.

Предлогот Сребре Јовановски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Ресен го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 70 присутни, гласале 60 пратеници, 51 пратеник гласале за, 9 се воздржале, ниеден не гласал против.

Ве молам да се утврди точниот број на присутни пратеници дали важи гласањето. Да притиснеме едно од копчињата.

60 притиснале значи, дајте да утврдиме точниот број преку пребројување.

Може некој и да не гласа, има право и да не гласа меѓутоа треба да е тука.

65 пратеници се присутни во салата, според тоа гласањето што го објавив е важечко. Некој не гласал и има право да не гласа.

Констатирам дека Сребре Јовановски е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Ресен.

20 точка - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 68 присатни, 60 гласале, 51 пратеник гласале за, шест се воздржале, тројца биле против.

Ве молам ќе мораме после секое гласање да утврдуваме точниот број.

Никој не излегол, пребројте ги пратениците, очигледно не гласал некој.

67 пратеници се во салата, според тоа гласањето што го објавив е важечко.

Констатирам дека Собранието го разреши Димитар Манчев од функцијата судија на Основниот суд во Кавадарци поради исполнување на условите за старосна пензија.

21 точка - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Гостивар.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 71 присутни, 62 пратеници гласале, 54 гласале за, 6 се воздржале, двајца пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го разреши Ристо Анѓелковски од функцијата судија на основниот суд во Гостивар, по негово бараше.

22 точка - Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес.

Предлогот на Владата и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Милан Николов од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 73 присутни, 60 пратеници гласале, 53 гласале за, 6 се воздржале и еден пратеник гласал против.

Ве молам за да можам да констатирам пак да ги преброиме присутните пратеници, некој не гласа.

69 пратеници се присутни.

Констатирам дека Милан Николов е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес, поради исполнување на условите за старосна пензија.

23 точка - Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Битола.

Предлогот на Владата и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Дарко Стефановски од функцијата заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Битола го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 73 пратеници присутни, 67 гласале, 56 гласале за, 9 се воздржале, двајца пратеници гласале против.

Констатирам дека Дарко Стефановски е разрешен од функцијата заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Битола, по негово барање.

24 точка - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Струмица и на Основниот суд во Радовиш.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 74 присутни, 63 пратеници гласале, 56 гласале за, 6 се воздржале и 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседател на Основниот суд во Струмица и на Основниот суд во Радовиш.

25 точка - Предлог за разрешување на претседател и судија на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на претседател и судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 74 присутни, 67 пратеници гласале, 59 гласале за, 7 се воздржале и 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието го разреши Стефан Стојчески од функцијата претседател и судија во Основниот суд во Прилеп поради исполнување на условите за старосна пензија.

26 точка - Предлог на одлука за огласување на избор на претседател на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 74 пратеници, гласале 67, 60 гласале за, 7 се воздржале и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување на избор на претседател на Основниот суд во Прилеп.

27 точка - Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Нада Михајлова"- Пробиштип.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 73 пратеници присутни, гласале 66, 56 гласале за, 10 се воздржале и ниеден пратеник не гласал против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Нада Михајлова" - Пробиштип.

Минуваме на точката 28 - Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Прим. д-р Ѓорѓи Гаврилски"- Свети Николе".

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 71 присутен пратеник гласале 57, за гласале 50, 7 се воздржани, а против нема.

Ве молам да видиме дали имаме доволен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Прим. д-р Ѓорѓи Гаврилски" - Свети Николе.

Минуваме на точката 29 - Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација „Завод за здравствена заштита – Скопје‟.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Од присутни 68 пратеници гласале 56.

За гласале 40, 9 воздржани, 7 гласале против.

Молам имаме потреба да констатираме колку присутни пратеници има во салата. Ако не констатираме колку пратеници се присутни во салата, тогаш ќе остане сомневање дека немало доволен број на присутни пратеници во салата. А секоја одлука треба да важи.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

73 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација „Завод за здравствена заштита – Скопје‟.

Минуваме на точката 1 - Предлог за измени и дополнувања на Законот за државни службеници.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Предлогот за измени и дополнување на законот за државни службеници е во тесна врска со двата други закона за измена и дополнување на Законот за работни односи и Законот за пензиско инвалидско осигурување, со цел да се овозможи да започнат реформите во јавната администрација. Затоа дозволете ми во кратки црти да ги образложам причините

поради кои се предлага донесувањето на законот.

Со Законот за државните службеници утврдени се статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници како и системот на плати и надоместоци на платите на државните службеници.

Со примената на овој закон востановена е категоријата на државни службеници во законодавството на Република Македонија. Со законот чие донесување се предлага се врши усогласување со општите прописи од работното законодавство утврдени со законот за работни односи и со законот за пензиско и инвалидско осигурување. Имено, како причина за донесување на овој закон се и предложените измени и дополнувања на законот за работни односи и законот за пензиско и инвалидско осигурување. Прашањата од областа на работните односи за вработените во органите на државната управа се уредени со Законот за државни службеници и со Законот за работни односи. И со двата закони се уредуваат прашањата за остварување на правата, обврските и одговорностите на вработените, како и засновањето и престанокот на работниот однос, заштитата на правата на вработените и други прашања. Примената на законот за државните службеници и подзаконските акти упатува на примена на општите прописи од работното законодавство поради што се оцени дека е потребно доусогласување на одредбите на Законот за државните службеници, со одредбите на Законот за работните односи и Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Со измената на ставот 2 на членот 82 од Законот за државни службеници се обезбедува принципиелен основ за распоредување на државните службеници согласно законот и воедно се утврдува основ за намалување на средствата за јавна потрошувачка.

Со предложената измена на ставот 5 на истиот член се обезбедува усогласување со општиот стандард утврден во Законот за работни односи и во Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Очекувам поддршка и донесување на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, претставници на Владата, ние отвораме една расправа по еден пакет од реформите во работното законодавство или реформите во јавната администрација.

Прво, би сакал да укажам и на претставниците на Владата, но и на службите во Собранието. Мислам дека одиме по еден обратен ред. Во редоследот јас не интервенирав мислејќи дека ќе се измени. И самиот потпретседател на Владата вели, овој Закон за државни службеници е усогласување со Законот за работни односи и измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Тие закони не се донесени. Мислев во расправата, затоа да се договориме, дали потпретседателот и по другите закони ќе дава одредени воведни излагања, или ова е целосно за сите тие закони. Нема логика ваквиот редослед. Системски закон е Законот за работни односи, па потоа Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за државни службеници. Мислам таа е логиката.

Инаку во основа од судбината на овие закони зависи и овој закон кој доколку нема никаква логика овој закон да се усвои, а другите закони да не се усвојат.

Затоа би сакал претставникот на Владата да ни даде објаснување, па да се изјасниме, да го искажеме своето мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Мислам дека редоследот е поставен во дневниот ред и не игра некаква улога во однос на судбината на овој закон. Под претпоставка да не бидат донесени измените и дополнувањата на Законот за работни односи и Законот за пензиско и инвалидско осигурување, измените кои се предлагаат во Законот за државните службеници, ќе можат да се применат независно дали ќе се донесат тие два закона, или не. Затоа, мислам дека треба овој редослед да се задржи и нормално да се отвори расправа околу предлогот на овој закон.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Може и така, само логиката не е така, бидејќи овој закон видовте на самата седница по итна постапка е усогласен и фактички усогласување, незнам зошто е тоа?

Но, ме интересира, јас поставувам процедурално прашање, пред овој закон да го изнесам своето мислење, мислењето на Пратеничката група, дали министерот, односно потпретседателот на Владата смета да даде воведен збор по целиот пакет на

закони, или ќе оди адхок закон  по закон. Тоа е многу битно за да ја водиме расправата, и за да можеме да се произнесеме.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Ќе одиме закон по закон.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Бидејќи овој закон, Законот за измена на законот за државните службеници е предодреден од Законот за работни односи и законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, овој закон е донесен знаете во целокупниот реформски пакет во делот на законодавството од работните односи заедно со Законот за Влада, Законот за организација и функционирање на органите на управата и Законот за државните службеници. Оваа измена во еден краток временски период, а бидејќи не претставуваат реформи воопшто во јавниот сектор не овозможуваат едни конзистентни издржани мерки, сметам дека овој закон не треба да се поддржи, бидејќи нема потреба воопшто а додека реформите во јавната администрација треба да одат по еден друг и обратен ред а тоа сигурно ќе учествуваме во донесувањето на другите закони. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Иванов Љубисав - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, ваквите закони практично ја определуваат судбината на луѓето вработени во јавните администрации. Закони кои што се донесуваат со кои што голем број вработени од јавната администрација доаѓаат во областа на невработеноста, практично остануваат без работа мислам дека е нехумана и тешка работа. Тука се ние сретнуваме со два проблема.

Едниот проблем е во рационализацијата на администрацијата, меѓутоа тој проблем, се усложнува со непрекинати вработувања кои главно се мотивирани од партиски причини и другиот проблем кој што произлегува од договорите со меѓународните финансиски институции. Ако веќе сме принудени и се изнудуваат вакви решенија тогаш треба да се прати светската практика дека ваквите луѓе кои остануваат без работа од државната администрација треба да се предвидат средства за нивна преквалификација, а тоа значи низ разни дополнителни стекнувања на знаења и образованија се оспособуваат да можат да работат на други работни места. Према тоа тоа и е недостатокот на овој закон кој што треба да се предвиди и да се дополни во тој поглед.

Партијата на која што јас припаѓам Социјалистичката партија на Македонија, смета дека се повеќе вработените остануваат незгрижени, се повеќе се незаштитени со законите, се поголема е можноста да бидат на улица те затоа јас како пратеник на таа партија не можам да го поддржам овој закон. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави пратеникот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници ставот на нашата политичка партија е согласно програмските определби кои што ги дадовме во 1998 година. Ние навистина се залагавме за реформи во администрацијата и за таа цел беа предвидени, за тие реформи, за намалувањето на бројот на вработените одредени средства во Буџетот за 2000 година. Така што јас мислам дека ваквиот начин во врска со решавањето на проблемите во администрацијата со еден закон кој што оди по итна постапка кое што очигледно премина во практика на Владата, едноставно да ни предлага некакви законски решенија да се решаваат по итна постапка, со кои што се решава судбината на голем број на наши граѓани кои што се вработени во таа администрација и не е случај само со овој закон да мора така да се решава проблемот.

Од овие причини, бидејќи сметаме дека требаше да биде предмет на една посеопфатна анализа и договор помеѓу повеќе субјекти во нашата држава за ВМРО - Вистинска неприфатливо е изгласувањето на еден ваков закон и ние од нашава пратеничка група нема да го поддржиме овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?  (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 74 пратеници, 68 гласале, за гласале 42, 19 против и 7 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за државните службеници.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Законот за пензиско и инвалидско осигурување е системски закон на кој на кодифициран начин се уредени целокупната материја и сите прашања кои се однесуваат на пензиското и инвалидското осигурување на граѓаните на Република Македонија. Овој закон во повеќе наврати е менуван и дополнуван и во овој предлог има за цел да внесе новина во смисла на создавање на основ за остварување на право на старосна пензија во случаите пред да се исполнат условите за старосна пензија што се утврдени во постојниот закон, но само ако работниот однос престанал по потреба на службата која е предизвикана од организациони промени кај државните органи и јавно - правните субјекти и од укинувањето на работното место. Потребата за донесување на овој закон е во корелација со измените и дополнувањата што паралелно се преземаат во работното законодавство и тоа во делот на одредбите кои се однесуваат на престанокот на работниот однос со кој се воведува нов начин на престанок на работниот однос. Тука можеби господинот пратеник има право во однос на редоследот на донесување на овие два закони.

Едно од правата од пензиско и инвалидско осигурување е и правото на старосна пензија која може да се оствари под условите пропишани со овој закон. Дополнувањата на овој закон има за цел да се даде можност за остварување на право на старосна пензија пред да се исполнат условите за старосна пензија што се утврдени со закон. Предложеното решение има за цел оваа можност да се користи само кога ќе настанат промените кај работодавецот во однос на намалување на бројот на вработените согласно предложените измени во Законот за работни односи. Со ваквиот пристап се обезбедува социјална сигурност и еднаков третман на сите вработени без разлика на општествената положба, полот и годините на живот. Со предложениот текст на одредбата на овој закон се врши дополнување на член 17 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување со нов став 3 со кој се дава можност осигуреникот да стекне право на старосна пензија ако му недостасуваат најмногу до 3 години за исполнување на условите за старосна пензија и ако работниот однос престане по потреба на службата што се предвидува како нов начин на престанок на работниот однос во измените и дополнувањата на Законот за работните односи.

Овие три години се однесуваат како на исполнување на условот во поглед на пензискиот стаж така и во поглед на годините на од живот предвидени за стекнување на правото на пензија.

Другото решение кое се предлага односно измената се предвидува основицата за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на невработените лица кои примаат паричен надоместок да претставува основица од која се утврдува паричниот надоместок.

Мислиме дека со овие решение ќе се заштедат доста средства од Буџетот и корисно би се користеле, пред се, во создавање на услови за отпочнување на процес на зголемување на плати кај државните службеници. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Господинот Гештаковски.

Но, господинот Поповски процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе не знам од кои причини Владата упорно инсистира на некој нелогичен редослед на работата на Собранието, меѓутоа, очигледно инсистира.

Сега расправаме за измени на Законот за пензиско и инвалидско, која се состои од три-четири члена. Во едниот од членовите основот по кој ќе се спроведе членот 17 по ставот 2 во кој се додаваат три нови става, кој гласи дека ваквите права од осигурување се стекнуваат ако на

вработениот му престане работниот однос согласно член 133-а од Законот за работни односи. Сега сме во позиција да гласаме за овој член на Законот кој Владата ни го нуди.

Јас го молам господинот министер да објасни на ова Собрание на која сила е тој член и кој го донел тој член во нашата држава за да сега се повикуваме кога носител на закон по основ на член 133 од Законот за работни односи? Имено, тој член во оваа држава не постои и го молам да објасни како мисли да расправаме по вакви закони кои ги предлага, кои немаат никаква врска со сегашната реалност. Ако имаат врска со реалноста по половина час, тогаш го молам сепак да размисли за редоследот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, има збор претставникот на Владата Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Благодарам на укажувањето на господинот пратеник. Ја уште пред давањето на образложение за Законот за пензиско инвалидско осигурување одма ставив забелешка дека можеби тука има право и држи предлогот на господинот Гештаковски во однос на редоследот за расправање и донесување на овие два закона, што немаше никакво влијание врз првиот закон, Законот за државни службеници и под претпоставка овие два закона да не бидат донесени, тој ќе може да се примени. Се прифаќа сугестијата на господинот Гештаковски редоследот да се промени на овие два закони прво да расправаме за Законот за работни односи, а потоа за вториот Закон за пензиско и инвалидско осигурување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата ја прифаќа сугестијата да ја разгледаме прво третата точка, а потоа да одиме на втората точка.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници, мислам дека укажувањето беше добронамерно, сега ги расчистивме односите иако и првата точка беше, нормално можеше да се применува, но нема логика по однос на смислата и овој пакет на закони, затоа мислам министерот би требало да даде една целина од кои причини, сигурно тоа е мислење на Владата.

Бидејќи се работи за еден пакет на закони кои целокупната јавност е заинтересирана во овој период од делот на реформите на јавниот сектор и на многу пати особено по одредени други реформски расправи, проекти, закони сме укажале дека реформата на јавната администрација или на јавниот сектор е неопходна, што значи тука немаме никаква дилема.

Но, мора да укажеме дека Владата мора да спроведува конзистентни, издржани мерки и со овие Предлог на закони и закони. Владата со овие закони мислам дека нуди еден пакет кој е изнуден и претходниот дискутант рече дека е избрзан, парцијален со ад-хок решенија и во основа овој пакет на мерки е погрешен.

Сметам дека решенијата што се нудат во основа нема да ги постигнат ефектите зацртани во реформите на државната управа, односно во стратегијата за реформи на државната управа.

Да се потсетиме дека во мај 1999 година Владата донесе една стратегија за реформи на државната администрација и таа стратегија, мораме да укажеме, во голем дел беше издржана, беше компаративна и водеше до одредени резултати. Наместо Владата да ја спроведува таа стратегија, таа и на оваа седница ни нуди парцијални решенија и целосно се концентрира на постигнување на таканаречени квоти на намалување на државната администрација или јавната администрација со намалување на бројот на вработените.

Би морале да истакнеме дека рационализацијата не е само намалување на бројот на вработените, бидејќи предвидува и голем број на други мерки. После донесувањето на стратегијата Владата пред овој Парламент понуди одредени други законски решенија, тоа е Законот за Влада, Законот за организација и функционирање на органот и организација на органите на државната управа, Законот за државните чиновници кога претходно направи една голема катастрофална грешка со делот на зголемувањето, да се потсетиме само, на бројот на министерствата.

Врз основа на овие проекти, закони Владата формира еден од многу битните

елементи, тоа е Агенцијата за државни чиновници. Во меѓувреме Владата понуди еден закон таканаречен Закон за предвремено пензионирање кој, сите сме свесни за неговото дејство, улога и улогата на Уставниот суд. Со овој пакет на мерки што предизвика кај вработените, особено во образованието, не би сакал да расправам, бидејќи голем дел беа оптоварени. Кој е резултатот на овој закон за предвремено пензионирање?

Врз основа на издадените решенија и потврди врз основа на одредени барања на Владата 900 вработени во органите на државната управа и денеска примаат пензија. Примаат чекови, но Владата и во овој пакет не го регулира тој однос, што е многу битно. Знаете, тие луѓе се „ни на небо ни на земја".

Одредени објаснувања по работните тела или министерот ќе каже и понатаму Владата инсистира на она образложение на портпаролот на Владата дека основот за остварување на пензија на овие 900 вработени е во Деловникот на Уставниот суд, што сметам дека не е. Покрај овие напори Владата сигурно требаше да направи напори луѓето кои се сега во пензија по Законот за предвремено пензионирање да го регулира нивниот статус, да не ги остава луѓето секој месец да примаат пензија, а да немаат основ за регулирање на тој дел.

Исто така Владата, што е најбитно, во натамошниот дел и со овој пакет на реформски закони кои ги нарекува треба да го заокружи целокупниот процес на нормативната дејност, особено Владата со формирањето на Агенцијата за државни чиновници требаше да оди понатаму со донесување на основниот закон, тоа е Законот за јавните установи  и Агенцијата за државни чиновници врз основа на научни и стручни сознанија требаше да ги изготви систематизациите во органите на државната управа, а не набрзина, како што сме сведоци на изготвување на систематизациите од министерствата.

Врз основа на донесување на овој основен и битен закон Владата понатаму требаше да ги изврши основните елементи кои се зацртани во стратегијата. Тоа е во еден временски период, во една дистанца да изврши преквалификација, едукација и натамошните мерки тоа е комерцијализација, прераспоредување и врз основа на тоа би можело Владата да ги донесе сите други мерки во однос на таканаречените, кои се споменуваат, таргети или квоти за намалување после целосно спроведување на овој дел. Интересно е за овој дел што зборуваат одредени, сега често во јавноста ги имаме, дел на неутрални или професори во Република Македонија во јавноста особено професорот по управно право Борче Давитковски и Тодор Каламатиев по работни односи. Еден од нив вели дека е многу битно за тоа ако се сакаат вистински реформи во јавниот сектор треба да се тргне од растоварувањето на државните функции, од класичните државни и нивно пренесување на јавните установи, на приватните установи и други кои ќе бидат носители на јавните овластувања. На тој начин Буџетот ќе се растовари во добар дел, а од друга страна баластот на вработените во старт ќе се намали. Следејќи ја стратегијата вработените во Република Македонија во старт ќе се намалат за 30 - 40% што не значи дека овие луѓе, понатаму ќе зборуваме, што им престанува работниот однос по потреба на службата ќе одат во пензија или ќе бидат прогласени за технолошки вишок, туку тие ќе се префрлат во друг сектор и на друг начин ќе ги извршуваат истите функции, а во интерес на граѓаните. На овој начин државата ќе има функционална, што ни е основната цел, а пред се економична управа, а од друга страна ќе има доста разгранет јавен сектор преку јавни или приватни установи кои од сопствени изворни приходи ќе вршат услуги на граѓаните и ќе станат сервис на граѓаните во вистинска смисла на зборот.

Тоа е она согледување што Владата не го следи, сега да се вратиме на делот што нуди овој закон.

Во основа Законот за измена и дополнување на Законот за работни односи нуди одредено решение врз основа на стручни анализи, експертски анализи, враќање на решението кое беше во Законот за предвремено пензионирање и нуди решение за воведување на една таканаречена нова категорија или наречен од страна на Синдикатот или одредени претставници, решение на класичен отказ, тоа е престанок на работен однос по потреба на службата.

Од досегашното работно законодавство, Законот за работни односи особено во членот 105 се регулирани односите за престанок на работниот однос, покрај оние класични односи кои престанокот на работниот однос го регулираат по сила на закон, доброволно и слично, постои доквалификација, преквалификација и слично и по тој основ до сега мислам дека би требало да може да се вклопи овој дел по престанок на

работниот однос врз основа на мерилата и критериумите. Што е основно во овој дел? Основно во овој дел на Владата таа ја воведува категоријата престанок на работен однос по потреба на службата, сакајќи да ги избегне сите други делови во однос на последиците кои би биле и врз основа на таквиот престанок на работниот однос добро е што го усвоиме претходниот закон тоа се изедначува и со Законот за државните чиновници, бидејќи имаме други мерки, на вработените на кои ќе им престане работниот однос имаат право по потреба на службата оние кои се пред три години во пензија да остварат право на пензија врз основа на 80% од основицата што во основа и во Законот за предвремено пензионирање го поддржувавме.

Сега имаме еден амандман од владеачката партија кој овој цензус од три години го зголемува на пет години и врз едно законско усогласување се враќаме на Законот за предвремено пензионирање.

Исто така Владата, што е поопасниот дел, оној што нуди престанок на работниот однос по потреба на службата без одредени критериуми за сите други како дискреционо право на старешините на органите и на оние вработени на кои ќе им престане работниот однос по потреба на службата имаат право на надоместок на 12 месечни плати.

За да Владата ги оствари овие реформи и да ги зацврсти овие реализирани односи нуди уште едно решение, тоа е со одредена уредба на Владата, треба да бидеме запознаети, бидејќи постои голем интерес кај граѓаните, ми се јавуваат како на претседател на Комисијата за труд, мислев дека министерот ќе го објасни тоа, бидејќи Владата донесе една Одлука за доброволен престанок на сите оние кои сакаат доброволно да склучат договор за престанок на работниот однос и кои имаат право на надоместок на 24 лични доходи, што мислам дека ова решение е едно од добрите решенија за доброволен престанок на работните односи со поддржано и со одредени други решенија би требало. Тоа е пред се да може, бидејќи платите во државната администрација се доста ниски, луѓето би зеле околу пет или шест илјади марки до осум, али не да одат во Заводот за вработување, тие би требале да почнат да отвораат свои бизниси, мали претпријатија и да бидат продуктивно вработени. Незнам тука зошто е, тоа министерот би требало да објасни овој дел за разлика од Законот за работни односи кој се однесува и се проширува, не само во органите на државната управа, што е тоа многу битно, се однесува и на целата категорија на јавната администрација. И тоа на јавни претпријатија, фондови, па институции основани од Република Македонија, Додека одлуката која Владата ја донесе на својата седница, мислам четвртокот или петокот има дејство до 15 јануари, се однесува само на вработените во корисниците на Буџетот и на таканаречените единки корисници на Буџетот. Во тој дел имаме една нерамноправност и не ми е разбирливо мене зошто во тој дел.

Исто така Владата, за да имаме една целосна слика, за да пратениците и јавноста и самата Влада долг период Владата не нуди никакви квантификации. Видете, не можеме да зборуваме дали мерката ќе е добра или не е добра, бидејќи овие решенија Владата и самиот министер требаше да кажете, многу лесно, Владата долг период избегава колкав е бројот на вработените, односно државната администрација. Колкав е бројот на вработените 1998, 1999, 2000 година, без тие квантификации. Без квантификациите колку ќе престане работен однос по основ на пензионирање Владата треба да го има, го нуди тоа решение со три години или со одлуката веднаш може да има пет години, не можеме да зборуваме за одредени односи, бидејќи ние ги немаме елементарните податоци. Ние не зборуваме за оние решенија кои неможе ни Владата да ги даде кои се врз основа на доброволен, кои се врз основа на другиот дел по потреба на службата врз основа на дискреционото право. Али, Владата иако вика со овој закон по потреба на службата укинува работни места, Владата не укинува работни места и тоа е опасноста, бидејќи немаме критериуми за престанок на тој дел. Владата вика во основа го напушта и Колективниот договор со ова решение за предвремено престанување на работниот однос и во таа смисла нуди одредени решенија, што е најбитното. Владата ствара сумња, или отвора сумња дека престанок на работен однос по потреба на службата ќе биде под одреден притисок и на, морам да истакнам на досегашната политизација на јавната администрација, ние сме сведоци за политизацијата и престанувањето на работниот однос по потреба на службата ќе биде врз основа на други критериуми. Таа сумња Владата не може да ја избега и тоа е многу најбитниот однос. Бидејќи замислете сега каква е состојбата во Република Македонија. Не може господо да се извршат систематизации за три дена, пет дена. Тоа е доста стручно, научно, особено сега со припојување на министерства, раздвојување

на министерства. Сега до Владата од секое министерство се бираат. Ова министерство има вишок. Знаете, има извршители за една работа и работна задача пет извршители, три извршители, тоа е дискреционото право и таа е опасноста на престанок на работниот однос по овој врз основа на немање на критериуми и на немање на други елементи, што се смета дека ќе имаат одреден реваншизам и одредено претставување. И што е најбитно. Вакви мерки би можеле да се поддржат али ако се еднократни, а понатака да се реализираат сите реформи ние треба да бидеме свесни дека оваа мерка е долгорочна, оваа мерка е со Законот за државни службеници. Секоја година, видете замислете што ќе се случи во тој дел. Оваа година носиме систематизација, има вишок во секое министерство и се отпуштаат работници по дискрециono право. Вгодина истата мерка важи. Не може вакви решенија да бидат трајни и овие би можеле да бидат еднократни, со цел за остварување целите.

Исто така, за остварување на овие реформи мора да има одредена доверба меѓу сите учесници. Тоа доста зборувавме кога беше Законот за предвремено пензионирање и мислам во тој дел би сакал да укажам, тука е министерот, настанаа одредени недоразбирања иако ние како пратеници имаме одредени заклучоци и усогласувања сите овие прашања да се решаваат на Економско -социјалниот совет, претходно да се доближат нивните гледишта и на работодавците во дадениот случај не е толку битно, бидејќи работодавец е државата и на Синдикатот. Морав да го истакнам Синдикатот кој беше истакнат на вчерашната седница на Комисијата за труд и социјална политика дека од Кабинетот на министерот е дадено соопштение за јавноста дека гледиштата се доближени, се поддржуваат, но потпретседателот на Синдикатот тоа го демантираше дека не било така особено заради другите делови на законот нета поддршка и го искажаа својот став.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

(Продолжение)

Исто така, за овие реформи гледаме што се случува во Република Македонија. Еден министер зборува дека ќе се отпуштат 4,5 иљјади, друг 3 илјади, еден зборува ќе се приватизираат општите и заедничките служби, еден зборува дека Геодетска управа. Видете, општа конфузија, општа несигурност и општа недоверба не само кон реформите и во самата Влада, за овие избрзани, изнудени решенија.

Затоа, мислам дека министрите и Владата би требало, барем према јавноста и према овие луѓе, кои со нетрпение ги очекуваат овие мерки, како што се извлече дека се новогодишен подарок, треба да бидат попрецизни, појасни, поконкретни, за да можеле, да не создаваме проблеми.

И, на крајот, особено во овој дел би сакал да укажам, решенијата кои се нудат со овој закон, особено кои се нудат со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, особено на делот кога ќе зборуваме за правата, бидејќи тој закон е во два дела, во делот на правата на невработените лица кои користат парична помош, не нудат ефикасни реформи и ефикасна управа. Напротив, нудат еднократно отпуштање и технолошки вишок на три до четири илјади вработени во јавниот сектор, со голема веројатност за понатамошна политизација во јавниот сектор, па дури и што е најважно најопасниот дел, покрај политизацијата, мислам дека овие решенија можат да доведат и до одреден аматеризам. Што, сигурно мерките и на макро - економски план на Владата и на држава Република, не би можеле да ги остваруваат, како на домашен пред граѓаните, така и на меѓународен план.

Затоа, врз основа и на овие укажувања сметам дека не би требало да се поддржат овие закони, а Владата покрај одредени решенија да продолжи да ги остварува зацртаните цели согласно стратегијата а на претставниците од кои се извршени овие реформи, особено на ММФ, можеше да укаже дека води реформи дека тие реформи ќе бидат успешни и дека имаме добра стратегија. А, не под целосен притисок да вршиме парцијално отпуштање. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Пратеникот Марковиќ - Димова Наталија.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ – ДИМОВА:**

Господине претседателе, претставници на Влада, колеги пратеници, јас се согласувам со размислувањата дека треба да му се даде приоритет на Законот за работни односи, но тргна како тргна по дневниот ред како што беше претходно утврден и сега е најмалку битно, но со оглед на тоа дека оваа тема за дискусија е многу суптилна, материја пресликана во три законски проекти, јас почувствував потреба

да земам збор и тоа најнапред како човек, се разбира, од хумани причини, како пратеник и неодминливо како правник.

Овие три законски проекти кои што се нудат, имено Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници под итна постапка, Законот за работни односи и Законот за пензиско и инвалидско осигурување, ќе ги вклопам во еден пакет на закони за кои што во понатамошниот текст нема да се осврнувам поединечно, туку ќе ги дефинирам како пакет на закони, зашто впрочем тие и беа поврзани и тоа беше крајната цел, се надевам.

Кај граѓаните на Република Македонија се појави огромен интерес околу оваа тема и јас верувам дека тие денес со огромен интерес ја следат оваа седница, бидејќи многу од нив ќе се пронајдат во овие решенија, а се надевам и некои од нас.

Овој пакет на закони, по мене, не е предлог на закони кои што се поткрепени со потребните анализи и податоци, нудат нерамноправност, во некои делови контрадикторност и не сум убедена дека можат да ја издржат уставноста.

Најнапред, паѓа во очи категориите односно мешањето на категориите, и тоа државен службеник и работник. Имено, тоа значи дека работникот своите права, обврски од работен однос и работодавецот ги остваруваат и се уредени во Законот за работни односи, а додека во рамките на Законот за државни службеници, се уредени правата и обврските на државните службеници и тука сметам дека постои едно мешање на овие координати.

Во член 105 од Предлог-законот за работни односи, кој што ни е понуден, е додадена точка 6 и заради појасна прегледност на граѓаните, се разбира јас ќе кажам членот 105 ги утврдува основите со кои што на работникот му престанува работниот однос и тоа по спогодба во истек за време за кое е заснован работниот однос по сила на закон, со отказ. Во точка 5 поради економски, технолошки, структурални и слични промени и точката 6 е онаа која што сега се предлага во овој предлог закон, а тоа е по потреби на службата.

Понатаму, за да потоа членот 133 се надогради со уште три членови, 133-а, 133-б и 133-в и тоа членот 133, новиот предложен член гласи:

Работниот однос престанува со отказ по потребите на службата кога државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, јавните претпријатија, јавните установи, фондовите и другите организации и сега "Институции основани од Република Македонија" се со друг карактер на сопственост. И понатаму во сопственост на Република Македонија или во државна сопственост. Синоними, која е друга сопственоста на Република Македонија, ако не државната сопственост, се разбира.

Понатаму, во членот 133-а се вели: "како и фондовите, организациите и институциите основани со закон". Точно е фондовите, организациите и институциите основани со закон, можат да се основаат со закон но и да минеле низ некој процес на трансформација, а со тоа да немаат служба. Понатаму вели престанат со работа или бидат укинати" се меша престанок на работа, со укинати, со укинување, кое што, се разбира, се врши со закон. И понатаму во овој член ако настане промена во внатрешната организација" со други зборови ова остава еден отворен простор за самоволие. Имено, оттука произлегува дека нема критериум за потреба или не во службата и тоа исто така остава можност за пресликување или остварување на некој партиско политички интереси. Ова не е наменето никому, туку може да се однесува на оваа Влада и на некоја идна Влада, како и да е може да се протолкува само така, без одредени критериуми. И, тоа, токму преку инструментот престанок на работниот однос на работникот по потреба на службата, се разбира. Или, од друга страна, на кој начин и под кои услови ќе се примени оваа мерка, ако на едно место постојат повеќе извршители. На кој начин ќе се изврши селекцијата, за да престане нивниот работен однос по потребите на службата.

Никаде во Предлогот за измени и дополнување на Законот за работни односи не е определено колку временски ќе трае потребата односно непотребата. Дали упразнетото место ќе може да се пополни или не и ако може кои се условите за тоа. И, последователно на ова, се разбира, би бил кој е критериумот за новото персонално решение на така упразнетото работно место.

Со ваквата неуреденост му се остава дискреционо право на работоводниот орган, и дали тоа е право или не право и дали дава рамноправност на работниците. После членот 133-в, очекував некој 133-г кој што ќе даде некој инструменти кои ќе пружат заштита на работникот, и во кој предлагачот ќе каже на кој начин работникот ќе си ги заштити своите права, од работен однос, се

разбира, со кој инструмент, или пак околу тоа, потоа, се разбира најнапред да си оди работникот дома, а потоа откако службата ќе ги задоволи своите потреби ќе се размислува околу оправданоста на работникот.

На самиот почеток споменав анализа и податоци, а пред тоа мислев на потребата тие да се најдат на разгледување пред пратениците, па во крајна линија и денес во прилог на овие Предлог на закони кои што ни беа доставени, со што ќе ни беше појасно и нам и на граѓаните кој претставува јавна администрација, колкава е таа изразена во број, на кој број се однесува овој Предлог закон, зошто по моите скромни информации Заводот за платен промет некаде во октомври или ноември 1993 година, извршил некои анализи и има некои одредени официјални податоци токму околу јавната администрација, со попис на државните службеници, и таквиот официјален преглед ќе дадеше една отприлика објективна слика на таа состојба. Тоа до некаде можеби и ќе го поткрепеше образложениeто во точката 2 во прилог на Предлог за измени и дополнувања на Законот за работни односи, а во врска со оценaта на состојбите и целите што треба да се постигнат со истиот дека остварувањето на Проектот за реформи во областа на трудот, како и реформите во јавната администрација неминовно ја наметнуваат потребата и од намалување на бројот на вработените.

Демократска алтернатива апсолутно го поддржува реформскиот курс и тука не сакам да оставам никаков простор за манипулација и за поинакво толкување на ова мое излагање. Јас се сеќавам на една моја изјава на г. Банерџи, во која што велеше дека треба да се редефинираат надлежностите на министерствата, која што досега се разбира не е сторена. Оттука немаме анализа во состојбите, во здравството, образованието, културата, програма за приватизација на социјални дејности дали е исцрпена рационализацијата и реформата, па сега да се префрли на грбот на најситните категории во државната управа, за да се претстави реформата на јавната администрација. Од друга страна пак, сме сведоци на прекубројни вработувања, во текот на 1999 година, во текот на 2000 година, токму на места на кои што постоеја извршители.

И на крајот една теоретска теза.

Ако поимот закон се сфати рационално, како збир на апстрактни и анонимни норми тогаш се забележува дека во него е содржана одредена заповед, упатена на било кои поединци во државата, или на државни органи се разбира, кои имаат должност да внимаваат и да се залагаат тој да се почитува. Во заповета која содржи законска норма, таа има силно нагласена обврска и спрема тоа четерономен карактер се разбира на нормата, па е експресно принуден и да заклучи дека без обврски нема права, ни правни односи и дека согласно на тоа се негира тезата на романистите за корелативниот карактер на обврските и овластувањата. Ова сфаќање доаѓа до израз во моментот кога централизираната државна власт се става во улога на арбитар па по пат на закони и свои други акти одредува што е право а што неправо, па во тој контекст за оние што денес ќе се определат да дадат поддршка од било кој аспект се разбира, исто за нив денес ова е право некогаш може ова истото право да се врати со еднакво дејство и по мене со еднакви последици како за овие работници сега, и тогаш, тие истите ова да го почуствуваат како неправо. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата.

Дозволете во врска со овој законски проект што денеска го имаме на разгледување Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, за кој исто така се слагам дека не може да се разгледува вон контекстот претходните два проекти што ги спомнаа и претходните излагачи да ги издадеме некои наши согледувања и лично мој од аспект на политичка партија, од аспект на член на Комисијата за труд и социјална политика, со што и колегите пратеници да ги запознаам за некои аспекти што беа разгледувани на Комисијата.

Како прво, ние имаме големи резерви како партија во врска со овој законски проект, поради начинот на кој тој се донесува по итна постапка, откако г. Банерџи јавно изјави на телевизија дека јавната администрација треба да се намали до определен рок, тоа сите го знаеме 15 јануари за определена бројка на работници кои се на терет на Буџетот на Република Македонија. Конкретниот број и точниот број ние ни до ден денеска не го знаеме,

бидејќи претставници на разни министерства во јавноста даваат разни бројки. Така што, останува за шпекулација.

Морам да истакнам дека ние што сме револтирани, бидејќи претставникот, поточно потпретседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија ме информира дека за ова прашање не е постигнат концензус во економско - социјалниот совет, дека тој воопшто неговите ингеренции се премагнати и дека Владата и без поддршка од Синдикатот оди во остварување на овој нејзин проект, што значи дека онаа практика дека Владата не го консултира Парламентот, сега се проширува и на неконсултирање на еден од чинителите во економско - социјалниот совет т.е. Синдикатот.

Правото на Синдикатот да учествува во вакви проекти каде што голем број на работници ќе останат без работа, мислам дека е затворена, и мене ми е страв дека тоа ќе биде и еден начин на остварување на вакви проекти во иднината, а без консултација со тоа ќе нема и широка поддршка било кој законски проект.

Претставниците на Владата, поточно претставникот на Министерството за финансии и претставникот на конкретното министерство за труд и социјална политика на нашите прашања за квантификација на некои состојби, со што ние како пратеници би можеле да дадеме конструктивен приод во овој закон, останаа без одговор.

Никој од овие служби не кажува колкав е точно бројот на луѓето во администрација, какви се плановите за намалување на истата во годинава што следи, колку е бројот на ново примени во последниве година дена и што воопшто планира оваа Влада со овие луѓе во текот на наредниот период. Единствено овде беше дадено ветување дека Владата во идниот период ќе направи стратегија за реформа на јавната администрација што за нас преставува и одговор дека моментално таква стратегија нема и дека иако Владата знаеше дека до определен период 15 јануари треба да го намали бројот на буџетарите, таа свесно го држеше до пред крајот со цел со вакви закони ад-хок некои прашања да се премагнат и да се направи она што е сакано. Општа оценка беше дека нема никакви критериуми по кои луѓето што се цел на овој закон ќе треба да одат или во предвремена пензија, или како технолошки вишок, или пак ќе бидат принудени да го земат она што се вели еднократна помош од страна на Владата и со тоа да се симнат од корисници на Буџетот. Тука ние гледаме огромно зголемување на правата на оној што треба да одредува кој треба да оди, т.е. на Владата без никакви правила на игра, што значи може да се продолжи трендот партиско чистење на буџетарите и правење нов состав на истите министерства по партиски клуч. Ние реагиравме и дадовме некои податоци дека некои министерства во последнава година се зголемени и за 30 до 40% број на вработени, а сега во истите ние имаме предлог за намалување на бројот на вработени. Дали со тоа сакаше да се промени целокупниот состав и да се партизира она што по правило би требало да биде стручна, јавна администрација која треба да биде сервис на граѓаните, а не сервис на една политичка партија. Ние точните бројки на оние кои ќе бидат под удар на овој закон не ги знаеме. Алармантно е тоа што овој закон не е времен закон, тоа не е закон кој ќе трае се до 15 јануари кога и треба да се исполни оваа обврска што ја презема Владата спрема ММФ, туку се отвара една нова алатка во рацете на Владата за спроведување на партизација на органите на управа. Заради ова и многу други причини што ги кажавме, а пред се и претходните дискутанти ги споменаа, ние не можеме да поддржиме ваков закон и мислиме дека тој ќе доведе до натамошно зголемување на тензиите и единствена цел заплашувањето на оние преостанатите во администрацијата ќе го постигне, ако веќе треба еден закон да има своја цел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван потпретседател на Владата и господа пратеници, јас би сакал за овој закон да поразговараме и на еден друг начин. Мислам дека во Собранието и општо во политиката во Македонија почнавме многу да мистифицираме за најобични политички пропусти и политички потези почнавме да вадиме зборови на реформи, зборови на аранжмани со ММФ, почнавме да вадиме некакви големи превирања во законите за пензиско, за работни односи, за државни службеници. Јас сум уверен кога некој од надвор слуша што ние всушност зборуваме овде, него не му е ништо јасно. Мислам дека под велот на таквото замаглување Владата има амбиција да работи за да не се знае што се случува. Меѓутоа, понекогаш како на пример денес почнувам да добивам впечаток дека Владата сама и пратениците во ова Собрание сами почнуваме да веруваме дека е тоа така, дека се работи за

нешто многу крупно, за некои финансиски трансакции, за некои реформи на закони, за некои многу продлабочени реформи, дека незнам што се случува. Дозволете јас да го кажам своето видување токму заради ова на еден подруг начин. Оваа Влада ја презеде одговорноста на 1 декември 1998 година. Сега сме точно 25 месеци после нејзиното преземање. Тоа значи дека поминаа две години и еден месец, оваа Влада ја затекна државната управа со близу 64 илјади до 65 илјади вработени кои сега ги кажуваме како буџетски корисници на плати. Таа Влада за година ипол успеа бројот на вработените да го зголеми за 5 до 5.500 илјади во државната администрација. Со тоа предизвика проблем кај Буџетот да не може оваа држава со такво зголемување кое е близу 10% да не може редовно да го финансира личниот доход и придонесите и нивниот работен однос на долги основи, затоа што бројот почнува рапидно да расте. И покрај тоа што расте сите, вклучувајќи ги и надворешните фактори немаат доверба дека оваа Влада тој процес има намера да го затвори. И сега се случува Владата да мора тој број да го намали и тука завршува приказната. Клопката во која влезе Владата, сега треба да излезе самата од таа клопка. Сега целата оваа приказна се сведува на реформи, аранжмани, се сведува дека некакви крупни закони се менуваат само за да Владата излезе од замката во која влезе.

Второ, оваа Влада мислам дека упорно промовира стратегија дека спроведува реформи на државната управа. Оваа Влада нема намери да спроведе реформи. Таа ја зема власта со 65.000 вработени. Ако имаше намера да спроведува реформи елементарно политичко однесување е да ги запре новите вработувања и да се обиде со природен одлив во наредните години како што доаѓаат од нејзиниот мандат една, две, три, четири, во овој момент две, да го олесни Буџетот барем за 500 до 1.000 вработени и ќе покажеше резултат, по две години ќе имаше резултати. Меѓутоа, што се случува? Нови 5.000 вработени плус и сметајте дека има 1.000 до 1.500 веројатно пензионирани природно кои се потполнети. Таа има сигурно над 6.500 илјади до 7.000 вработени, затоа што апсолутно го зголемила бројот и ги заменила сите што природно се одлеале. Вие гледате дека на оваа седница ние разрешуваме нон стоп судии, обвинители по свое барање, затоа што си заминуваат и без потреба во пензија. Така и од државните служби многу луѓе си одат. Меѓутоа, бројот упорно расте. И сега целата таа филозофија нас ни се пласира овде дека ова е некоја голема реформа на државната управа. Оваа денешна седница покажува покрај тоа и уште следново. Владата нема намера да реформира. Таа сега само го намалува бројот на вработените не по своја волја, по своја волја можеше од 1998 до денес да го направи тоа. Таа го прави тоа под влијание на ММФ. И дозволете да употребам израз кој самите го кажуваат на телевизија, тоа влијание е такво да во овој момент станува ултиматум од ММФ. Нашата Влада во овој момент работи под ултиматум заради сопствените проблеми. И сега дозволете да го кажам и со тој речник, да не си играме играчки дека овде се работи за некакви големи проекти. Се работи за обид на ММФ, нејзината недоверба кон оваа Влада дека може да ги враќа кредитите и да го сервисира странскиот долг со пумпање на Буџетот кон многу работни места кои апсолутно се непотребни во власта, да го скрати тој извор на расходи на Владата за да може со тие делови да се планираат некои други потфати во државата и сервисирање на странскиот долг. Тоа е интересот на ММФ. Да има тој доверба во Владата немаше да постави ултиматум. Ќе ја чекаше како што ја чека две години и ќе констатираше дека од 65 станале 63.000 вработени и ќе ја тапшаше по рамо. Меѓутоа, од 65.000 станале 70.000. Што очекувате од ММФ, да продолжи да го финансираме ние ваквото вработување на Владата во државните структури, а едновремено на ММФ да му кажуваме дека ние немаме пари да ги враќаме долговите. Мислам дека на тоа се сведуваат најелементарно кажано работите. Затоа, апсолутно не станува збор за реформи и апсолутно не станува збор за никакви квалитативни поместувања на односите кои владеат во оваа сфера во државата. Само за квантитативни намери на Владата. Јас ви гарантирам дека оваа Влада штом се ослободи од таквото туторство на ММФ, штом падне било каква обврска за следење на нејзината работа, веќе за два месеци ќе го врати бројот на вработените, затоа што таа не го прави тоа по своја волја. Таа нема програма да го направи тоа. Таа има програма да вработува на начин како што кажа госпоѓата Наталија Марковиќ - Димова.

Да го земеме примерот со ова Собрание, ајде да ги оставиме 70-те илјади, да го видиме она што го гледаме во ова Собрание. Па знаете, на 1 декември 1998 година колку имаше вработени во ова Собрание, а колку има денес. Тука има 20

службеници ново вработени. Ги вработи оваа власт и сега оваа власт ќе носи закон со кој треба да ги отпушти.

Второ, ако намерите на оваа власт се со вакви отпуштања и прилагодувања на законите на можности да се отпуштат вработени, да го задржи бројот на вработени. Еве зошто владата сама не предложи, или ако самата не предложи, тогаш нека го сфати ова како формален предлог до Владата да предложи закон со кој ќе се забрани вработувањето во државната управа во наредните 12 месеци, па нека ги распределува внатрешно. Меѓутоа, немаме контра мерки.

Да кажам нешто и во врска со сето ова како тоа Владата го спроведува во Законот. Под удар на сопствената политика која се покажува како некорисна за Македонија и штетна, сега Владата не само што сака да се ослободи од вишокот на вработени на начин кој не е добар, туку е принудена да ги менува законите кои ќе важат за сите 70.000 вработени во државната управа и да и го остави дискреционото право и после овој удар кој го трпи во вид на ултиматум од ММФ заради сопствените грешки, го задржи правото и понатаму тоа да го прави. Само да цитирам, делумно тоа беше и кажано, меѓутоа ќе дозволите во контекстот на смислата на оваа дискусија. Во членот 3 од Законот за работни односи се вели: работниот однос може да престане само на начин и под услови утврдени со закон. Дали сите ние не се сложуваме дека во оваа држава ако на некој му се раскине работниот однос, тоа мора да биде под услови, начин и услови утврдени со закон. Се сложуваме. Меѓутоа, Владата сега во законот ни предлага дека ова се брише од законот, едноставно не се компензира со никаков друг текст. Значи од сега натаму во оваа држава работниот однос може да престане и без начин и услови утврдени со закон, односно по мислење на оној кој ја дава работата, работодавец, приватен, државен, било кој.

И второ, дека на работникот по овој закон кој е вработен во државните институции меѓутоа не само буџетарите, туку и сите кои се во јавните претпријатија, тоа се блиску по проценки на Владата стотина илјади луѓе, односно секој трет. Работниот однос покрај со закон досега утврдените критериуми ќе почне да му престанува по потреба на службата, без никакво дополнително образложение. Потреба на службата значи министерот, директорот, или како воопшто се вика да може да утврди дека од денес за Никола Поповски веќе нема потреба да биде вработен. Колеги пратеници, мислам дека не можеме да дозволиме Владата на ваков начин да си игра со судбината на 70.000 вработени, или на 100.000 вработени со јавните претпријатија, а тоа едновремено да преставува секој трет вработен во оваа држава. Ние носиме закон со кој на 100 илјади вработени од денес им кажуваме дека од утре, ваквата заштита по законот не постои и дека само доколку министерот, или директорот на јавното претпријатие, или директор на јавна институција одлучи дека нема потреба од вас, вие ќе бидете во рок од еден месец отпуштени од работното место по законот кој го усвоивме. Ние мислиме дека е тоа многу лесно, се разбира, меѓутоа мислам дека на крајот ќе се испостави дека е многу тешко за оние луѓе за кои тоа се однесува, а немаше да се однесува ако Владата водеше грижа што прави пред тоа. Сега кога веќе не водеше грижа под диктатот и ултиматумот на ММФ ќе мора да го прави. Мислам дека Македонија може да преговара и со ММФ за вакви работи, меѓутоа не смее да се доведе поради грешки на Владата да носи закони кои не се својствени на 21-от век, кои не се својствени на европската територија, кои не се својствени, или компатибилни со нормите на Меѓународната организација на трудот, кои не се својствени со да განречеме обидот на Владата да го синхронизира своето законодавство со Европската Унија. Еве, јас да прашам, дали ваквото одлучување по законот е во корелација со Европската социјална повелба која ние сме ја потпишале и три години одбиваме да ја ратификуваме. И, ако имаме намера да ја ратификуваме, ќе се вратиме повторно на овој закон, ако имаме намера со Мастрихт нашите закони да ги ускладуваме и со нивните права, ќе се враќаме повторно на овој закон. Значи, покрај ова што го правиме, мислам дека сериозно почнуваме да се оддалечуваме од европскиот и од културниот начин на уредување на работните односи во Македонија.

И сега на крајот, апсолутно не прифаќајќи го начинот на кој Владата размислува по повод овој закон, сакам да апелирам господинот Трајковски, бидејќи по Уставот ги потпишува указите за прогласување на закон и на тој начин води грижа да не дојде по волја на Владата која не води доволно сметка, или по волја на пратениците кои исто така под удар на Владата не можат да водат доволно сметка за некои односи во државата, апелирам да не го потпише Указот и да не дозволи во

Република Македонија раскинувањето на работниот однос за 100 илјади луѓе од сега се додека не дојде некоја друга Влада која ќе го смени тоа да не важи одредбата "ќе бидат отпуштани по потреба на службата, без никакви други образложенија".

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, денеска после еден период од 6 месеци пак расправаме за една тема која беше почната уште со донесување на Законот за предвремено пензионирање. Сакам да кажам дека лично се сложувам дека реформи во јавниот сектор се неопходни, но не можам да се согласам дека истите треба да се извршат само со еден законски норматив. Денеска сакаме да направиме реформи во администрацијата, во јавниот сектор, само со еден законски норматив да не кажам со два члена од еден закон. Како пратеник, како граѓанин очекував после донесување на законот за предвременото пензионирање и неговото стопирање, Владата во овој период од 6 месеци знаејќи дека треба да се прават реформи во јавниот сектор, дека Владата ќе излезе со програми во кои ќе има и законска регулатива, меѓутоа и програми кои на нас пратениците, на граѓаните ќе ни овозможеа по оваа проблематика да се изјасниме на начин за кој и седиме во овој Парламент. Очекував дека до крајот на годината ќе имавме програми за приватизација на некои установи, медицински, администрација, или се управни итн. Програма за преквалификација на овие работници кои се понесреќни од оние помалку среќни што ќе можат да одат во пензија, програми со кои ќе се овозможи самофинансирање на одреден дел на оваа јавна администрација и очекував дека денеска во искажувањата од страна на министрите, или во образложенијата барем ќе се најавеше стратегијата со која на нас и на граѓаните ќе им беше овозможено да знаеме дека по однос на тоа што реков оние кои се помалку несреќни со овој закон, тие кои се три години пред пензионирање ќе оди толкав и толкав број во 2000, во 2001 и 2002 година во пензија, а толкав и толкав број ќе остане поради тоа што денеска треба да го усвоиме, поради потреба на служба, а без работа. По шест месеци што добивме? Само измена на Законот за работни односи, бидејќи последователно потоа да следат и измени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Меѓутоа, генератор на сите тие е измената направена во Законот за работни односи, измена која носи наслов: "престанок на работен однос по потреба на служба".

Сега за разлика од 5-6 месеци во оваа потреба по престанок на работен однос од служба, освен управната администрација сега се опфатени сите фондови, установи, јавни претпријатија, или со еден збор таму каде е работодавецот држава или јавно правниот субјект, сите тие ќе подлежат на оваа регулатива вметната во измените на Законот за работни односи. Со оваа измена реков дека тука се работи за две групи работници, и тоа работници кои ќе имаат престанок на работен однос по потреба на служба, кои се три години пред исполнување на старосна пензија, и работници кои ќе останат по потреба на служба и кои примаат 12 плати и ќе одат потоа на завод за вработување. Јас мора да кажам дека реформи треба, но сите установи и меѓународни бараат реформи, меѓутоа бараат и една друга работа. Бараат рамноправност, еднаквост и бараат социјална сигурност на сите оние кој еден ваков законски предлог ги тангира.

Дали оваа измена на закон ги овозможува овие постапки. Јас мислам дека овој законски проект дава огромни дискрециони права на работодавецот. Тој е единствениот кој одлучува дали некој ќе замине, дали во пензија или ќе му престане работниот однос. Во Законот нема никаков друг критериум на кој оваа постапка е врзана. Јас тврдам дека таму каде се даваат вакви огромни дискрециони права, тие дискрециони права и овозможуваат несакани или пак сакани злоупотреби, посебно ако некој работодавец што сега е случај партиски определен. Кој и како ќе добива престанок на работен однос во наредниот период. Дали ќе може да остане некој со средно образование, за да добие отказ оној кој има да кажам високо образование.

Во овој закон исто така ако му дали дискреционо право работодавецот да одлучи да се намали бројот на вработените, никаде во Законот не е кажано за кој период во таа служба која направила потреба за прекин на работен однос во кој период работодавецот не ќе може да вработува. Тоа никаде не е кажано, па е дадено дискреционо право и немој да не зачуди да биде така во јуни - јули месец дојдеме до сознание оние кои сега ќе ги прогласат за вишок на тие работни места да бидат вработени, бидејќи тоа во Законот не е регулирано. Оставено е да одлучува самиот работодавец.

По однос на третото кога реков дека мора да има социјална сигурност, сакам да кажам дека по однос на таа социјална сигурност со овој закон на вработените не им е обезбедено, бидејќи им се гарантираат само 12 плати, меѓутоа доаѓаме до една реална состојба дека во овие јавни установи поготово понежниот пол се вработува со 18, 19 и 20 години. Сега можеби ќе добијат престанок на работен однос, а имаат изработено и работено по 27-28 години, но имаат само 48, 49 или 50 години. за да бидат помалку несреќни и да го примат оној т.н. во граѓанството технолошки додаток, тие мора да имаат 55 години. 12 плати ќе примат, ќе наполнат 51 или 52 години и од 51 до 55 одат на Завод за вработување. Можно ли е еден работник кој 28 години од својот личен доход, порано така го викавме или од своја плата издвојувал за сите давачки на оваа држава по 28 години сега да се најде на Заводот за вработување. дали не требаше, бидејќи ќе одиме во реформи, во Законот за технолошки вишок ние баравме да има два критериуми не само 55 години, туку 25 и 30 години да се размисли и веднаш да се вгради за да на тој начин нешто направиме.

По однос на заминување во пензија исто така нема никаков критериум кој и како ќе замине во пензија. И тоа остава дискреционо право на работодавецот да може да одлучи дали некој ќе оди во пензија или не, всушност ќе му престане работниот однос по потреба на службата, меѓутоа, може да го користи малку понесреќното решение да отиде во пензија, па да кажеме на еден начин некоја социјална сигурност ќе се обезбеди.

Ме интересира зошто и тука нема критериум дали сите што ги исполнуваат овие услови за пензија ќе добијат престанок на работен однос или работодавецот ќе одлучи. Бидејќи сега имаме случај човек има наполнето 65 години и 8 месеци, но тој си работи, но има книшка, битна е таа работа. Наполнети 65 години, меѓутоа негова среќа има убава книшка или неубава книшка и тој уште работи. Како ова можеме да го регулираме за да навистина овие луѓе почувствуваат една рамноправност, една еднаквост.

Во однос на ова исто така очекував дека денеска на оваа седница ќе имавме барем некои показатели за тоа колку луѓе ќе отидат во пензија, на колку луѓе ќе им престане работниот однос, очекувам дека Владата ќе почне да работи, ќе направи програми за приватизација, за самофинансирање итн., па на еден начин ќе имаме мир. Меѓутоа, јас морам да кажам овде дека од Владата во мај 1999 година, побарав на пратеничко прашање да ми се даде одговор колку во јавните установи, точно сите овие кои се опфатени со Законот, со завршување на 1998 год, имало вработени и колку има вработени од тогаш наваму. Морам да кажам дека таков одговор до сега до пратеникот не е доставен, зошто и како неможам да кажам, меѓутоа, сигурно не е добро да се видат показатели колку биле вработени 1998 год, колку на крајот 1999 година. Затоа сега она што и колегата пред мене дискутираше се поткрепува дека навистина овде мораме сите, без разлика дали сме позиција или опозиција, да побараме од сите министерства, од сите влади навистина да се започне со реформите. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално сака да интервенира г-динот Вејсели.

Потоа е на ред г-динот Данило Глигоровски.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, знаете дека денеска е последен ден на Рамазан. Утре е Бајрам. Сите граѓани од исламска вероисповест во РМ утре празнуваат после еден месец постење.

Затоа ве молам ова Собрание денеска ќе треба да прекине со работа и да продолжиме после празниците, мислам дека таа наша молба од името на Пратеничката група на ПДП ќе се исполни, а воедно ја користам приликата на сите граѓани од исламска вероисповест да им го честитам Бајрам со добро здравје и успех во работата. Ви благодарам.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас би сакал накратко да се осврнам во врска со овој Закон поточно ме поттикна или ме инспирира говорот на колегата Никола Поповски и некои од работите што беа искажани овде ќе сакам да полемизирам со нив.

Имено, првата работа која стално се тврди, можеби петти и шести пат кога носиме разни закони стално се спомнува дека оваа власт го зголеми бројот на вработените во државната администрација. Тоа како факт стално се истакнува од СДСМ и точно е тоа, но стално кога било спомнувано, јас на два три пати се сеќавам кога сум дискутирал, сум спомнувал уште еден факт што вие упорно го криете, а тоа е

фактот помеѓу првиот и вториот изборен круг во 1998 год, вие вработивте 2700 до 3000 луѓе. Тие луѓе оваа власт најде доблест да не ги избрка. Никогаш тоа не го спомнувавте. Што требаше тие млади луѓе да ги избркаме на улица? Едноставно тој факт не го спомнувате, но при секое спомнување дека ние сме го зголемиле бројот на вработените, бидејќи го промашувавте тој факт јас ќе ве потсетувам дека не е така како вие што го кажувате.

Овој пат прв пат беше јавно од еден претставник на СДСМ кажано пред Македонската јавност, пред Македонскиот Парламент едно признание кое сметам дека има голема тежина. Имено, признавте дека сте и правеле клопка на оваа Влада уште недоотидени, сте вработиле меѓу првиот и вториот круг 2700 или 3000 луѓе.

Друга работа клопката може да се гледа и во еден друг факт вие навлеговте во Буџетот, тогаш вашата Влада траеше до октомври, ноември, декември 1998 г., вие навлеговте во Буџетот до март месец, душмански трошевте до март месец подготвувајќи клопка. Ако зборуваме за клопки, ако се сеќавате, тогаш имаше уште една трета клопка тутунот - производителите Шутурков и др. даваа изјави не плаќаме, нека се снајде со пари, едноставно навистина вие подготвувавте клопки и оваа изјава денеска е навистина прво признание дека Владата упаднала во клопка. За да упадне во клопка некој треба да и ја подготви таа клопка. Овие факти всушност говорат дека вие наместо да работите во интерес на Македонија, достоинствено да се повлечете, вие сте работеле на клопки.

После беше кажано дека нема намера оваа Влада да реформира. Во даночниот систем, во пензискиот систем, во банкарството, утре кога ќе дојдат законите за намалување на царините, на даноците сето тоа се реформи. Вие можете да негирате дека не се реформи, меѓутоа фактите говорат нешто друго дека тие се реформите. Недоверба на ММФ. Ако беше недоверба на ММФ значи тоа е една искажана теза од друга страна имаме факт, потпишавме со ММФ и Светската банка. Значи едноставно фактите некако различно говорат за она што се тврди.

Овде беше изнесен и еден предлог до Владата да се донесе закон за забрана за вработување во државните органи, јас не би поддржал таков закон од едноставна причина, бидејќи сметам дека таков закон би паднал на Уставен суд и не би издржал некои уставни определби.

Дека се оддалечуваме од ЕУ и од Европските текови на законодавство, културни текови итн. говори друг факт дека не е така. Пред извесно време потпишавме или парафиравме Договор за асоцијација и стабилизација што значи дека фактите нешто поинаку говорат.

Последно нешто што би сакал од овде да се обратам до Македонската јавност еве до колегите на СДСМ кои спомнаа еден факт дека се зголемил бројот на вработените во ова Собрание. Точно е тоа, меѓутоа најодговорно тврдам ниту еден ниту симпатизер ниту член на ВМРО-ДПМНЕ во овие две години не е вработен во Собранието на РМ. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за труд.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници, имав прилика да сослушам одредени размислувања на одредени пратеници во врска со овие пакет закони. Овде, пред се, одредени пратеници се повикуваат на граѓаните, а единствена цел е да се создаде едно мислење кај граѓаните дека овој закон се однесува на сите граѓани на РМ што не е точно. Овој закон пред се се однесува на државните службеници или ако сакате поточно во овој момент, во оваа фаза за 3000 државни службеници кои силом прилика ќе треба да се отпуштат од работа.

Се кажа и тоа дека се прави голема галама околу тоа дека наводно се носат големи закони и се прават реформи. Потполно се согласувам се прави голема галама, се носат големи закони. Но, зошто се носат тие закони и зошто се прави таа галама? Затоа што своевремено со време не е работено на реформите. Ние сме принудени за овие две години навистина во една голема трка да ги направиме овие реформи. Реформите не се наивни, реформите се многу сериозни. Еве ќе ви кажам пример земете го штрајкот на вработените во правосудните органи. Зошто тоа го прават? Го прават од единствена причина што не се задоволни со платите. Сега кој е одговорот што платите се ниски. Платите се ниски затоа што тројца вршат една работа, затоа што тројца си ставиле рака во џеб еден на друг и нема шанси, нема изгледи да се поправи таа состојба ако радикално не одиме во реформа на јавната администрација. Целта е да направиме мала, стручна, ефикасна администрација каде државниот службеник навистина ќе биде добро платен, ќе биде стимулиран и

навистина ќе биде во служба на граѓаните и ќе биде сервис на граѓаните.

Морам да се согласам со констатацијата дека само со овој закон не се прави реформа во државната администрација, што го истакна господинот Гештаковски. Ова е фактички една од мерките што Владата ги предлага за да успее во реформата во државната администрација.

Во втора фаза предвидено е да се оди на приватизирање на одредени сегменти од државната администрација. Значи, нема да има отпуштање на работници, туку ќе имаме приватизирање на одредени сегменти во одредени сектори на државата и ќе овозможиме извор на самофинансирање, така што вработените остануваат, по друг основ ќе се финансираат и по друг основ ќе остваруваат плати.

Исто така се планира и давање на концесии на одредени објекти било во детската заштита, било во социјалната заштита, во образованието и другите дејности каде ќе можат овие граѓани, овие државни службеници, се извинувам не граѓани, со услугите кои ќе ги нудат нормално ќе можат да се финансираат и да опстојуваат и да остваруваат поголеми плати.

Се спомна дека законот не е хуман. Законот е многу хуман. Трите закони се многу хумани. Ако вие ја следите работата на Владата односно и вашата работа при донесување на одредени закони ќе мора да востановите дека токму големо внимание се обрнува на социјалниот аспект на граѓаните и на хуманоста. Да не беше хумана оваа Влада немаше да имаме потреба да ги предложиме овие три закони, едноставно ќе одевме во примена на Законот за државни службеници со донесување на нови систематизации, утврдување на нови работни места и стекнување на право од страна на работодавецот за распоредување на државните службеници.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:** (Продолжение)

Сите тие кои веќе беа распоредени, нормално, согласно Законот за државни службеници ќе си заминат од нивниот работен однос и фактички дури тогаш ќе беше нехумано решение. Хуманоста на решенијата што ги нуди Владата е, пред се, да ве потсетам, одлуката што ја донесе Владата за спогодбено престанување на работниот однос, каде што се дава можност сите тие, кои ќе осетат, да видат дека се одвишни во државната администрација или пак осетат дека својата рака, условно речено ја ставиле во туѓ џеб. Земете го примерот овде во Собрание, јас нон-стоп ги следам дамите што работат на стенограмот, но се прашувам колку во Собранието има што не се работно ангажирани во овој момент, а таа има плата од 6 илјади денари. Ако сакате оваа состојба да ја имате, тогаш да продолжиме вака, зашто хуманоста се гледа тука, овозможуваме 24 плати на сите тие кои ќе осетат дека треба да напуштат односно да го напуштат државниот сектор или пак ќе осетат дека поради тие причини ќе бидат отпуштени од работа согласно законите кои се предлагаат тука.

Каде е социјалната сигурност? Социјалната сигурност е тука затоа што зборував сега, пензија, 24 плати со Одлуката или 12 плати ако не биде распореден. Дополнително Владата ќе подготви друга програма за социјална поддршка на оваа категорија на државни службеници, кои по сила на овие закони и решенијата согласно систематизациите, ќе останат работно неангажирани.

Се спомна и фактот дека не е консултиран економскиот социјален совет. Точно е тоа. Меѓутоа за жал, синдикатите имаат друга работа. Тие штрајкуваат бесправно, неоправдано, бараат зголемување на платите, знаејќи дека тие плати, таа висина на плати е слична, можеби пониска во другите сегменти од јавната администрација. Платите можат да се зголемат, а како тоа своевремено моето малолетно дете ми го кажа "Тате зошто не произведувате пари и да ги пуштите во оптек и сите луѓе ќе бидат задоволни". А, со тоа, фактички ќе навлечеме, голема инфлација во државата и нарушување на сите активности и досегашни мерки околу реформата, макроекономската реформа и реформата во државната администрација. Ова не е никаков аматеризам, напротив е голем професионализам и голема одговорност на оваа Влада која смело оди да ги разреши проблемите, а не да ги наталожи проблемите. Ние можеме да продолжиме и вака и со овие 93 илјади кои се сега вработени, но верувајте дека догодина ќе ни биде уште потешко да го разрешиме овој проблем. Ние смело одиме и проблемите еден по еден ги разрешуваме.

Затоа, се обрнувам на страна на пратениците од опозицијата, нормално и од опозицијата свесни пратеници кои мислат дека навистина со ова правиме добра работа, да ги подржат овие три закони, да ги донесат и фактички тоа нема да се осети врз сите граѓани, како што рекоа, туку врз

дел на вработени во државната администрација за кои фактички и социјално и материјално се обезбедени. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бара збор г-дин Стојановски Наќе.

Ве молам г-дине Стојановски, процедурално се јави г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине претседателе, ние побаравме да ја прекинеме работата, со оглед на тоа што постиме и утре имаме празник. Вие поминавте преку тоа, ни збор не кажавте, а еден по друг и еве третиот дискутант се јавува. Молам, ако ова го испочитувате во ред, а ако не ние ќе станеме и ќе си одиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние овде воспоставивме еден ред кога почнува ифтарот даваме пауза и сега вие неможете да одите на јадење пред ифтарот. Според тоа, треба да седиме до ифтарот, па потоа ќе дадеме пауза. Така е редот. Сега, други работи, други потреби ако се имаат, тоа се други. Затоа, не интервенирав. Ни еден ден од работата не сме пречекориле ни пет минути откога треба за ифтарот да се даде пауза.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Денеска се празнува.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не, ова е крајно некоректно однесување ваше и неиспочитување на елементарни услови наши за присуство во Собранието. Вие, не сакате ден пред нашиот празник да ни дадете саат време пред ифтарот да си заминеме. Цел ден постиме, а вие тука се изживувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, ве молам, не се изживувам, туку вие постите до ифтарот, постите сите до тогаш.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ти не си Оџа да ни кажуваш кога и што да правиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, Оџа не сум, меѓутоа, тие што постат неможат да јадат пред прекинување на постот.

Молам, за збор се јави г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, јас се извинувам на оние пратеници што почувствуваа предвреме дека седницата треба да заврши, но мислам дека некои работи, расправајќи по оваа тема за измените и дополните на Законот за работни односи на претходниот закон за државните службеници и после ова за Законот за пензиско и инвалидско осигурување, како реформски закони најавени решенија во делот на јавната администрација, некои работи треба да бидат до крај јасни, да не се замаглуваат работите. Тоа е, по мене следното. Излишна е и депласирана овде што се кажува во Парламентот дека државната администрација во Република Македонија во овој момент во крајот на 2000 година и почетокот на 2001 година во одот на реконструкцијата на сите сегменти од државните структури е тема која треба да дојде на дневен ред. Тоа прашање е одамна апсолвирано. Не пред да дојде оваа Влада, пред две години, туку паметните оние кои имаат економски просперитет одамна и оние кои знаат да читаат туѓи искуства низ процесот на едукацијата, образованието и кои тргнуваат со еден позитивен однос спрема својата држава и одговорност спрема својот народ и граѓаните, тоа прашање одамна го апсолвирале. Беспотребно е да се троши таква енергија во овој Парламент и да се докажува нешто што одамна е докажано и јасно.

Во што е разликата во конкретниот случај? Разликата е во конкретниот случај дека Република Македонија премногу доцни во однос на преземање операции во врска со санирањето на таа состојба. Се импутира дека претходната Влада не го направила тоа, а ете оваа храбра, пожртвувана и херојска гарнитура тоа ќе го направи на храбар начин и ако треба ќе загине. Или со зборовите на г-динот премиер, ќе искрвавиме вели, оставете не да искрвавиме.

Господо, да крвавите навреме да крвавите, помина времето две години. А, две години за една Влада која имала таква храброст и концепт и визија да крвави, веќе е под прашање со големи неизвесности понатаму. А, тоа го докажавте во практиката.

Кога се обидовте пред извесен период ова прашање да го решавате со инструментот кој беше на некој начин ставен под знак прашање од надлежните институции во Република Македонија и кога на сет глас ви се кажуваше во оваа сала и во јавноста преку медиумите дека имате погрешен приод околу тоа прашање во изборот на лековите што сакате да ги препишете за залечување на таа рана, вие тоа со голема дрскост го игнориравте. И,

кои се последиците од тоа? Последиците се, дојдовме сите во поголем цајтнот, недостаток на време. И, кога пред 2-3 недели ММФ и запрети на Република Македонија и постави невозможен услов дека во рок од една недела влегувајќи во 2001 година вие морате со одредена цифра да излезете, вие излегувате со ваквите решенија какви што ги имате презентирано денес. Разликата е помеѓу оние што размислуваат подолгорочно и поздраво и предлогот дека и овие решенија се смушени, всушност, последиците што ќе настанат во врска со верификацијата на ваквите решенија можат да бидат по трагични за Република Македонија. А, дека немате концепт, зборува тој прв факт дека надлежните институции првиот ваш концепт го укинаа. Дека немате концепт зборува и фактот што министерот, кој не е тука, зборуваше сега пред малку и кој кажа дека се ова еден дел од решенијата и дека оттука почнуваме. Ќе следи втора фаза, клучна фаза, а тоа е сегментот на приватизацијата на одредени делови од јавната администрација, кои по својот карактер и содржина, тоа можат да го издржат.

Но, ако се погледне фактичката ситуација и од дневниот ред на оваа седница, наместо да ги правите прво тие чекори што е рационален пристап, да се утврди кои се тие сегменти од државната администрација што можат да претрпат таква трансформација на по безболен начин да го поднесат тоа, тоа требаше да го преземете и да го предложите како прв чекор.

Од опсегот на тие мерки, кои во основа се побезболни од едноставна причина само затоа што го решаваат клучниот момент, се заштитуваат тие погодени граѓани во таквото решение од социјалната тегоба, остануваат во работниот процес и понатаму со својот труд, професионална определба и знаење и понатаму чесно да го заработуваат лебот, вие како приоритетен чекор преземате мерка, која од тие работно активни, професионални граѓани, ќе правите со оваа предложена мерка дополнителен сегмент, категорија на граѓани заштитени со социјални мерки под лепезата, која ја кажавте. Оние кои исполнуваат услови за пензија, оние кои не ќе го исполнат условот со 24 плати или со 12 плати од работното место каде што припаѓа. Тука е основната грешка на приодот на оваа Влада.

Или, ако сакате, во концептот основната грешка е што не се изборивте со меѓународниот фактор да побарате еден разумен тајминг, барем по мене минимум од четири месеци, да го направите тоа некаде до април или мај. Затоа што, таквата операција бара еден посериозен пристап и доволно време за трансформација на тој сектор.

Од друга страна нејасноста на концептот произлегува и оттаму, што, еве, типичен пример на самата оваа седница денес предлагате Закон за заштита на природните богатства во Република Македонија и националните паркови во Република  Македонија кои се повеќе, кои досега живееја, остварувајќи ги своите функции согласно законот за кои се формирани за заштита на тоа природно богатство со ќе стопанисуваат и остваруваат, по мене, од дополнителните дејности, од тие санитарни сечи, лов риболов дополнителни други комерцијални дејности се само финансираа како работни стопански субјекти, денес со Предлогот на законот вие тој сегмент од цела армија, незнам колкава е таа бројка, ги  внесувате под капата на Министерството за заштита на човековата околина, како нови управни органи или ги зголемувате бројките на товар на државниот Буџет на тие работници и им го одземате основниот мотив каде што досега тие ја остваруваа својата финансиска моќ преку дополнителните дејности. И, со решенијата, ако го имате прочитано законот, вие, прво, носите мерка да испуштате 3 илјади работници од државната управа, а само после во наредната точка треба да усвоиме закон со кој државната управа треба да ја зголемиме барем за илјада работници, преместувајќи ги од секторот на стопанисување, во секторот на државната управа. Кој не верува во ова што го тврдам, нека го прочита законот кој е на дневен ред по точка петa или шеста Законот за заштита на природните реткости во Република Македонија.

Тогаш, од каде тврдиме дека оваа Влада има концепт за решенијата, за реформата на државната администрација и за приоритетното прашање дека таа државна администрација треба да се намали.

Барам одговор од Владата на тој аргумент. Затоа, господо предлагачи, треба конзистентност на мерките кои се предлагаат, треба сериозен пристап. Министерот дури кажа од овде дека дополнително ќе се носат програми на социјална заштита на тие категории на граѓани. Знаете, не бараме ние од политички причини тие прашања да ги актуелизираме во овој Парламент, да

бидеме нервозни, да отвораме дискусии околу тој проблем, туку бараме и заинтересирани сме за сериозен чекор и проект во реформа на јавната администрација во Република Македонија. Со палијативни мерки, кои се предлагаат и се носат во овој форум овде, а за по извесно време од саат-два се носат спротивни други мерки, кои првите резултати и цели се поништуваат, тогаш треба да се убедат пратениците да гласаат за таквите проекти со аргументи. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Никола Поповски.

(Се откажува од дискусија).

Г-дин Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Само кратко, јас немав намера да дискутирам, меѓутоа, вака доста инспиративни се дискусиите на пратениците од СДСМ и би сакал малку да ги коментирам, затоа што многу лесно од ракав се фрлаат некои тези, кои не се баш блиски со реалноста или неможат на никој начин да се прогласат за факти. Да речеме, еве, Владата се прогласува за нереформска, односно дека имаме задоцнети чекори, дека две години поминале и Владата ништо не направила, но јас сметам дека лесно може да се побие тој факт од проста причина што повеќе пати ние пред нас имавме закони кои ги разгледувавме и ги усвојувавме и ако ништо друго и денеска имаме закони кои што продолжуваат односно се продолжение на курсот кој што го има зафатено Владата и можат лесно овие, ако зборуваме за ефтин политички маркетинг, можеме лесно да ги толкуваме како една голема различност од Владата на СДСМ, која што имаше многу години време да направи некаква реформа или да промени нешто во врска со државната администрација, па невидовме ние некој голем и значаен концепт, па дури и не видовме ниту нај обичен закон од нивна страна.

Морам да ви кажам дека овие разговори ако ги анализираме, односно овие дискусии можам да ги толкувам единствено како ефтин популизам за удварање на државната администрација која што ќе си дадам слободно за право, знаеме добро каква структура има, со сиот респект кон целата државна администрација, меѓутоа знаеме како е создавана администрацијата, знаеме на кој начин се примани луѓе, знаеме каква е старосната структура, знаеме колкава е бројката. И повеќе пати сум зборувал во врска со државната администрација посебно кога опозицијата не напаѓаше сите овие две години дека ние вршиме упад во таа државна администрација, дека вработуваме партиски, дека сме ја превземале администрацијата и дека едноставно сега ВМРО ја контролира администрацијата. Во таа насока мислам дека некои тези, некои подметнувања од страна на СДСМ воопшто не држат, затоа што од една страна вие тврдите дека ние комплетна администрација сме превзеле, дека не знам што сме направиле во таа насока, а од друга страна кога доаѓаат вакви закони тврдите дека, еве сега непартиската администрација, односно не нашите ги отпуштаме, па во една насока, односно во одредени прилики, или пригоди зависно од тоа како имате намера да му се обратите на електоратот. Имам чувство дека целата администрација му припаѓа на ВМРО-ДПМНЕ, а во други пригоди имам чувство дека никој не му припаѓа на ВМРО-ДПМКЕ. Така што морам да ви кажам господа од опозициониот Социјалдемократски сојуз, ценам дека зависно од пригоди имате и обраќања кои што повторно ќе кажам се ефтин популизам за удварање на државната администрација. Тоа удварање нормално е без концепт и логички не издржано. Но, мислам оправдано е, вие сакате да ќарите некој поен, некој глас повеќе, но да ве потсетам, избори до 2002 ќе нема, така што да не се внесувате во кампања непотребно. Станува збор за реформски закони кои што мора да ги направиме ако сакаме нешто да направиме со државата. Мене сега вие не сте ми јасни. Постојано зборувате дека нема доволно реформи, дека Владата има антиреформски курс спротивно на сите оценки и во државата и надвор од државата како на граѓанството, така и на меѓународните фактори и не знам, мислам некои работи се сведуваат на големи нелогичности кои што мене единствено можат да ме водат во заклучок дека вие сте антиреформски настроени, дека сте подготвени, еве сега ајде да не бидам дрзок, да не набројувам некои потези што ги правите во последно време, меѓутоа потег за потег, чекор за чекор, мене се некако ми делува дека вие дали подготвувајќи се за избори, дали сакајќи некој глас да освоите буквално се закоравувате во вашите сфаќања антиреформски и не сте подготвени ниту еден проект да прифатите свесни на ризикот дека и меѓународниот фактор ве опишува дека сте тргнале против сите внатре и надвор, не знам, како против цел свет да тргнавте во последно време ни делувате. Мислам некои работи во државава и во практицирањето и освојување на

закони не само во Македонија, земете пример и во Мексико, Чиле, во Јужна Америка, земете примери во Средна Америка, земете примери во модерна Европа се такви. Ние не можеме сега да измислуваме нешто ново. И во таа насока и соработката со меѓународни институции, во таа насока се некогаш и прифаќањата на некои сугестии што не може никако да се толкува како подаништво, или некакво опологетство на некои странски партнери, па едноставно приклучување на модерниот свет. Имаме консензус дека ќе му се приклучиме на модерниот западен свет. Сега навистина не сте ми јасни што сакате. Никој не вели дека она што е загарантирано со Уставот дека основните човекови права дека основните права, слободи на човекот, основната грижа на државата ќе биде занемарена. Јас ги разбирам овие закони само како едно приближување во таа насока на тие права и сум убеден дека оваа Влада не е нехумана и Влада која што ќе сака да застане против работникот, или дека ќе му укине некои права на некој или дека едноставно гледа само на себе. Заклучувам, законите треба да се поддржат и да бидеме живи и здрави, ние сме тука, имаме право како Парламент да носиме и нови закони ако се покажат како некоректни овие закони, ние можеме во секој момент да покренеме иницијатива и да ги менуваме. Затоа нема причина да се настапува така ни.... хилистички и како да дошол крај на светот, па со сиот респект повторно со оние што ќе дојдат во ситуација да мораат да избираат дали ќе одат во пензија, или ќе ја напуштат државната администрација, па ќе се занимаваат со нешто друго. Сепак, мислам дека ќе се отворат перспективи кои што ќе ги задоволат сите и одиме понатака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, јас сакам да кажам неколку збора. Ме поттикнаа дискусиите на пратениците на оваа тема и навистина ќе кажам два момента. Ние овде сме пратеници, претставници на граѓаните на Република Македонија и се соочуваме со два типа на одговорности. Една одговорност кон еве, она што на сите устите ни се полни со тие реформи. Меѓутоа очигледно сите различно ги замислуваме и ги сфаќаме и никако не можеме да се сложиме околу тоа што се реформи. Меѓутоа, веројатно ни служи изразот повеќе како тупаница за чукање во градите, во градната коска, да се фалиме колку сме добри.

И втората димензија, значи тоа е една одговорност на пратеникот кој општествените движења кои сакаме да ги правиме адекватни, добри и вистински, бидејќи сме свесни дека имаме голема и гломазна администрација и тоа нешто никој овде не го спореше. Меѓутоа, начинот на донесување на тие реформи е нешто различно околу кое се спореа повеќето пратеници. Меѓутоа постои и една друга ситуација на функцијата пратеник, тоа е односот кон неговиот гласач, кон електоратот и тоа е сепак една човечка димензија. Јас ќе тргнам од тоа дека еве за малку сите можеме да се тргнеме од таа димензија пратеник, од таа функција пратеник и пет минути да размислуваме и во човечката димензија, а во таа човечка димензија ние сите денеска размислуваме, зборуваме, се спротивставуваме, како да го решиме проблемот. Сега ад-хок на брзина во краток рок да се отпуштат 3000, или 3500 вработени, па и во таа државна администрација која е голема и која е гломазна. Јас нема да навлегувам во тоа кој ги вработил бидејќи е факт дека сите овие години до денешен ден имаше едно безредие, немаше мерка ниту критериуми како се трупа вработување и вработени во таа државна администрација, никој не водеше доволно сметка како таа се предимензионира за потребите на оваа држава. Тоа е факт за кој сите сме одговорни и од кој не можеме да избегаме. И претходната Влада и оваа Влада го правеше истото, двете влади буквално го правеа тоа и не водеа сметка за предозирањето на државната администрација во однос на потребите на државата Република Македонија. Тоа е нешто што ни се удира од главата денес. Јас сакам да ви кажам неколку збора за онаа човечка димензија. Јас сепак потекнувам од една генерација која во последните 10, 15 години навистина се соочува со многу проблеми во развитокот на таа генерација, со растењето на таа генерација. Мојата генерација не можеше да земе кредити да си купи живеалиште, обичен стан, многу малку можеа тоа да си го дозволат, мојата генерација и сегашните генерации многу малку луѓе успеаја да се вработат двајца во фамилијата и да си обезбедат егзистенција, мојата генерација сега после сите маки на распадот, дезинтеграцијата на претходниот систем и после распадот во Југославија, сега треба да ги спроведува и реформите кои навистина сите се согласуваме дека се

болни. И сега од таа генерација треба да се отпуштат и тој по еден вработен или некаде и по двајца со мали примања и навистина е тажно да се спореди состојбата на една македонска фамилија и состојбата на фамилијата од државите во Европа, од развиените држави во Европа. Денеска дојде мајка која ми кажа дека е исплашена од реформите во државната администрација заради нејзината ќерка бидејќи тие не можат веќе нејзината фамилија да ја издржуваат, таа е околу 40 години, со своите пензии, две пензии и дека нејзината ќерка најверојатно после ова ќе мора да го отпише од студии својот добар студент. Значи постојат и тешки човечки димензии на целата работа, една тежина и некој тука не убедува дека така не подготвени за 10 дена ад-хок само треба да го притиснеме зеленото копче овде и да изгласаме некој наеднаш во наредниот месец многу лесно да отпушти над 3000 вработени. Тоа сепак е една тешка дилема и проблем за пратеникот да даде еден лесен пас за Владата.

Каде е проблемот? Проблемот за нас барем во пратеничката група на Вистинска Македонска Реформска Опција е што ова прашање се решава буквално кампањски. Секој ученик, секој студент, секој млад човек го учиме дека секој проблем во животот се решава системски, систематски, студиозно, редовно во постојана постапка, во редовна постапка. Овој начин на решавање на проблемот е вистинско кампањско решавање и наликува на: еден студент кој не го спремал испитот и два дена пред испитот ќе му текне дека треба да го полага испитот, а професорот е ММФ. Навистина е жално начинот на кој се решава и не е проблем дали е тоа реформа, туку како се спроведува оваа реформа. Ова не е реформа, ова е шок терапија.

Се јавив да кажам уште еден момент, дека кога зборуваме за реформите и кога се чукаме многу во градната коска околу тоа колку сме реформски, многу е лесно да се зборува дека сега некој може да отпушта работници и тој е реформски настроен. Меѓутоа, тој некој требаше и пред еден месец кога ние предлагавме во суфицитот на Буџетот да нема намалување на средствата предвидени за реформи во јавната администрација кои оваа Влада и овој министер за финансии ги отпишаа со распоредувањето, со балансот на суфицитот на Буџетот, едноставно тие немаа политички слух да го сфатат нашиот предлог, предлогот на нашата партија дека беше конструктивен, а не обично политизирање. Тогаш многу лесно се отпишаа средствата предвидени од претходната година за реформа на државната администрација од основните средства. Така што таа Влада немаше слух и визија и не размислуваше долгорочно да го решава овој проблем. И затоа за нас е сеуште дилема дали треба да поддржиме еден ваков проект. Ние не можеме да поддржиме еден ваков проект кој се базира на ад-хок решение, на шок решение врз граѓаните на Република Македонија кој не е студиозен и кој не се базира на системска работа на една Влада. Инаку, тврдиме дека не се работи за системска работа на една Влада, бидејќи Владата сеуште не ни докажа дека има критериуми како ќе ги реинтегрира тие отпуштени граѓани во тековите во македонското општество, дали во стопанството. За еден дел од администрацијата кажав, еве ќе се приватизира и ќе ги остави сами на судбината. Меѓутоа, едноставно немаше време да покаже Владата дека можеби размислува за проекти за реедукација на тие граѓани да можат да се вратат во некои делови на стопанството кое сеуште е витално, односно дека има проблеми со кои тие граѓани ќе можат безболно да го поминат овој период на реформи во администрацијата кои се очигледно неминовни за било која Влада. Меѓутоа, пак ќе кажам, начинот на кој требаше да се извршат е некој друг начин. Сепак, тој треба да е подолгорочен начин, сепак треба зад себе да има неколку програми со кои сите тие 3000 граѓани ќе си го најдат своето место, ќе чувствуваат дека општеството, Република Македонија не им го завртела грбот. Вака наеднаш, изненадени не припремени, без претходна кампања, без претходна пропаганда која требаше да оди еден подолг период, без припрема, без образложување на перспективите на ваквата реформа на државната администрација само се руши угледот на државата Република Македонија и на оваа Влада. Затоа, ние како партија сметам дека нема да можеме да поддржиме еден ваков проект, нешто што го најави и мојот колега претходно и ова се аргументите заради што нема да можеме да застанеме за еден ваков ад-хок брз и сепак мислиме недоволно осмислен, но избрзан акт на Владата на Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво, дозволете како координатор на пратеничката група да констатирам дека има некои пратеници на владеачката ВМРО-ДПМНЕ кои се обидуваат овде да држат кратки курсеви по историја на СДСМ со

посебен осврт на актуелните состојби. Меѓутоа, поентата е дека требаше да зборуваат за Законот за работни односи, очигледно тие можеби и не го прочитале, па зборуваат за СДСМ. Од тој агол сметаме дека кога се нема ништо да се каже по Законот, најдобро е да се зборува за нешто друго, ова го зборувам како координатор на оваа пратеничка група.

Второ, мислам дека министерот за труд и социјална политика како предлагач на Законот сепак ќе беше добро да даде воведно излагање затоа што после двочасовна дебата тој се јави за збор прво, полемизираше со пратениците на своите идеи, меѓутоа конечно кажа и некои идеи кои во Собранието прв пат јавно ги слушнавме. Мислам дека се теми на кои соодветно треба да се разговара по повод донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот аз работни односи, затоа што е многу суштински.

Прво, министерот јасно и гласно со доза на сериозност кажа дека Владата ако сакаме претпоставувам дека тоа на пратениците беше упатено, на Собранието во целина, може да продолжи и вака како досега, меѓутоа дека тие сакаат да продолжат по начинот на кој со овој закон ги уредуваат односите. А со оглед дека од еден друг министер на Владата кој е преговарач со Мисијата на ММФ само пред седум дена беше истакнат ставот дека ММФ веќе ултимативно побара од оваа Влада неможејќи да чека и немајќи доверба дека самата ќе ги спроведува обврските кои ги превзема да отпушти 3000 до 4000 вработени во државната управа во првите две недели од јануари. Инаку, дека од аранжманот со ММФ и другите обврски кои ги превземаме и на едната и на другата страна нема да има ништо.

Сега е добро министерот за труд и социјална политика да каже дали владата ова го прави како сопствена политика или го прави под ултиматум или еве со порафиниран збор под сериозен притисок кој мора да се изврши да го спроведе она што ММФ го наложува затоа што ако Владата ни предлага на еден начин закон како ултиматум заради други обврски кон ММФ, тогаш состојбата со Собранието е во врска со изјаснувањето по овој закон една работа, а ако Владата го прави по своја волја, тогаш е друга работа и од тоа зависи одлучувањето по законот. Меѓутоа, во секој случај ставот на Владата мора да биде јасен односно дали Владата навистина може да продолжи вака или не, како што кажа министерот.

Втората работа која сакам да ја повторам, меѓутоа, сега на многу поконкретен начин, затоа што министерот избегна едно круцијално прашање во врска со неговото задоцнето експозе по Законот за работни односи. Имено, тој кажа дека Владата има намера во наредниот период иако не прецизираше ни кога ни како ни со што да приватизира или, ај да употребам еден збор, деетатизира одредени, тоа не го употреби тој, туку јас го кажувам, да деетатизира одделни функции на државата преку одделни органи и да ги дава на концесии или да ги пушти на пазарно влијание со што и понатаму ќе го намали бројот на вработените во државната управа или општо во јавниот сервис кој е 93 илјади вработени.

Нашето прашање кое го повторувам до министерот е следното. Господине министер, сега сме на дневниот ред по точка број 3, а на истиот дневен ред по точка број 5 Владата чиј потпретседател сте дава предлог за донесување Закон за заштита на посебното природно богатство со Предлог на закон, што значи дека тоа би требало денеска да биде донесено.

Само да потсетам на две одредби сосема спротивни на она што вие ни го кажавте. Во член 21 од овој закон кој веројатно за неколку часа ќе биде усвоен пишува "со националните паркови управува Управа за национални паркови како орган во состав на Министерство за животна средина и просторно планирање во својство на правно лице". Значи, со овој закон Владата предлага на Собранието во државата да се формира нова управа во рамки на Министерството. После тоа во истиот закон во преодните одредби во член 50 Владата предлага, сега ова е што сакам да ве прашам "работниците опремата, инвентарот и другите средства, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства на работната организација Национални паркови и ловишта", вклучувајќи го по стариот закон кој се уште функционира ООЗТ Национален парк - Маврово, ООЗТ Национален парк - Галичица и ООЗТ Национален парк - Пелистер, со влегувањето во сила на овој закон преминуваат во Министерството за животна средина - Управа за национални паркови. Очигледна е интенцијата на Владата само после час откако овој закон не убедува дека сака да приватизира одредени служби и да ги деетатизира со друг закон да формира управа која сега не постои во рамки на еден од ресорите.

Второ, една работна организација која на пазарот опстојува на профитабилен принцип, а тоа е Работна организација - Национални паркови да ја претвори во државна управа во рамки на некое министерство и да ги преземе работниците под капата на Министерството во Управа и тоа значи за 2001 година веднаш да ставиме во нашиот Буџет во разделот за

Министерството за животна средина и просторно планирање дополнителен број на вработени со дополнителен износ на суми за плати, придонеси и други трошоци по основ на работени односи кои за нив ќе произлезат. Сега навистина се прашуваме, тоа што и г. Стојановски го праша, дали оваа Влада има концепција или скока без никаков концепт од еден на друг остров на морето што е многу разбранувано без да знае каде се движи. Навистина мислам дека е фер да одговори министерот на овие две дилеми дали Владата може да продолжи вака, а ова е по нејзина волја или на нешто што мора да го исполни спрема ММФ и против своја волја и дали овој закон ќе го повлече или во рамките на ова што го кажав целосно е неусогласена владината политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г. Мирко Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, за измената и дополнувањето на Законот за работни односи кажав мое видување на матичната Комисија за труд и социјална политика во која би се согласил дека треба да има реформи во државната администрација, сигурно дека треба да се прават тие реформи, но да се прават на еден соодветен начин, можеби и некој од тие предложени можности за намалување на администрацијата се издржани, за кои јас како граѓанин и пратеник би се предомислил и можеби да ги поддржам. Но, еден од тие предлози, тоа што е за пензионирање 3 години пред истекот на работниот век мислам дека може да се сфати ако не друго на граѓанинот му е обезбедена егзистенција за натамошниот опстанок.

Втората доброволна, тоа е предвидено може секој граѓанин доброволно да ја напушти својата работа во секое време ако му бидат исплатени 24 плати. Тоа е сигурно негова оценка и сигурно има визија за негово понатамошно работење и однесување во државата и егзистенција на неговата фамилија.

На третиот основ кој предлага работодавецот да одлучува кои работници да бидат отпуштени од работа по негово видување господа, тоа е најопасната работа која се предлага со овој закон.

Во овие две години кажувавме дека и во 1998 година имаме примања, а во 1999 и 2000 година примивме уште 5-6 илјади, можам да го согледам во мојата општина, во мојата изборна единица каде делувам и од каде сум избран. Можам да наведам пример во општината Делчево и Македонска Каменица како моја изборна единица се примија 24 царински службеници, а имаше 8. Сега поминуваш на граница повеќе има цариници отколку патници. И тоа што се прими се примија луѓе со средно образование, со осмо одделение, а 2-3 има со факултетско образование. Само еден има примено со завршен факултет за царина и шпедиција, а читам по весници, гледам дека околу 200 луѓе кои учеле токму за тоа штрајкуваат пред царината, бараат работа. Значи, се гледа како се вработувало. Јас сум сигурен дека така како што се вработувало така и ќе се отпушта по овој закон. Мислам дека за овој закон апсолутно не само јас, туку ниту еден пратеник за третата фаза на начинот на отпуштање на работници не треба да даде поддршка, бидејќи тоа ќе биде партиска освета, партиско отпуштање, не за оваа Владата, ако дојде друга Влада тој закон ќе овозможи и на другата Влада тоа да го прави, не треба да гледаме дека сега оваа Влада го носи и таа ќе отпушта. Ако дојде до промени тој закон се носи подолгорочно, не се носи за еднократна употреба и мислам дека тој закон апсолутно не треба да му се даде поддршка да може на тој начин да се отпуштаат и да се малтретираат луѓето од државната администрација.

Инаку, ако требаше да се направат реформи и ако требаше да се поддржи законот за кој и јас ќе гласав, мислам дека требаше да се даде, од каде знае министерот кога ни кажа дека треба да се отпуштат околу 3 илјади работници. Од каде знае дека нема 3 илјади по основ на 3 години пензионирање, значи можеби има. Значи, нема ништо подготвено, ние тоа апла под притисок од ММФ сме исправени кон ѕидот, така речено и сега ќе носиме закон, е, тоа не се работи така, мислам дека после поништувањето на Законот за пензионирање можевме за овие 6 месеци да се изготви законот, да се понудат тие 3 години, да се направи и доброволно одење

во пензија, мислам дека самите луѓе ќе имаат доблест, самите вработени во администрацијата ќе се пријавеја во поголем број доброволно и така ќе се исполнеше и овој услов, а немаше да се носи закон каде луѓето со сила и по партиска основа ќе ги бркаме од работа.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Сега ќе прекинеме, а пред тоа да ве информирам прекинуваме поради потребите да се прекини постот на нашите колеги од исламска вероисповест, тоа е последен ден денеска од овој месец што го постат и потоа ќе одат да слават Бајрам и нека им е со среќа. Знам дека е утре, а денеска е последен ден од постот.

Утре не можеме да работиме, бидејќи и Бајрам, после паузата денеска не можеме да работиме, бидејќи од нас тоа го бара пратеничката група на СДСМ која има друга обврска.

Затоа продолжуваме во четврток во 11,00 часот и ве молам сите да бидеме точни и да не изгубиме во време довикувајќи се да влеземе внатре.

Притиснете на едно од копчињата да го утврдиме точниот број.

(Седницата прекина со работа во 15,55 часот).